МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ПОВРЗАНОСТ ПОМЕЃУ ОСВЕСТУВАЊЕТО ЗА СМРТНОСТА И СТАВОТ КОН САМОУБИСТВОТО КАЈ ЛИЦА НАД 19 ГОДИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: АНАСТАСИЈА ГЕОРГИЕВСКА
БРОЈ НА ИНДЕКС: M193003
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р СЛАЃАНА АНГЕЛКОСКА

Свети Николе, 2021

АПСТРАКТ

Самоубиственото однесување е водечка причина за повреди и смрт низ целиот свет. Информациите за епидемиологијата на ваквото однесување се важни за креирање на политики и превенција од истото. Според податоците од истражувањата, се открива значителна меѓународна варијабилност во преваленцата на самоубиственото однесување, но конзистентност во возраста на почетокот, веројатноста за транзиција и клучните фактори на ризик. Самоубиството е позастапено кај мажите, додека нефаталното однесување на самоубиство е позастапено кај жените и лицата кои се млади, не се во брак или имаат психијатриско нарушување. И покрај зголемувањето на третманот за самоубиствените лица во текот на изминатата деценија, стапките на инциденца на самоубиствено однесување во голема мера останаа непроменети. Повеќето епидемиолошки истражувања за самоубиственото однесување се фокусираат на обрасците и корелациите на преваленцата. Резултатите на новите студии за самоубиства треба да се искористат во постојаните напори за намалување на значајната загуба на живот предизвикана од самоубиство.

Клучни зборови: самоубиство, обид за самоубиство, јавно здравје, фактори на ризик, самоповредливо однесување**,** јавно здравје, превенција.

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ **2**

Клучни зборови: **2**

ВОВЕД **5**

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ **6**

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ **6**

1.1. Теорија за менаџирање на терор **6**

1.2. Самоубиство **10**

1.2.1. Фактори на ризик кои водат до самоубиство 12

1.2.2. Самоубиство кај младите 15

1.2.3. Психолошки фактори на ризик и корелати 18

1.2.4. Самоубиство и депресија 22

1.2.5. Различни гледишта за самоубиството 24

1.2.6. Средновековната криза и самоубиството 26

2.1. Релевантни истражувања поврзани со теоријата за менаџирање на терор и освестување за смртноста **27**

2.2. Релевантни истражувања поврзани со самоубиство **28**

2.3. Егзистенцијалната улога на самодовербата **31**

2.4. Самопочит, смрт и психолошко прилагодување **33**

2.5. Дуална природа на менаџмент со терор **34**

2.6. Релевантни истражувања поврзани со дуалната природа на теоријата за менаџмент на терор **41**

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО **47**

3.1. Проблем на истражувањето **49**

3.2. Цел на истражувањето **49**

3.3. Истражувачки хипотези **50**

3.4. Дефинирање на варијаблите **51**

3.5. Методи и техники на научно истражување..... 51

3.6. Мерни инструменти 52

3.7. Популација и мостра на истражувањето 53

3.8. Обработка и интерпретација на резултатите 56

3.8.1. Очекувања од истражувањето 57

3.8.2. Прифатливост на одговорите 58

4. ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА 58

4.1. Изложеност на самоубиство 58

4.2. Анализа на средни резултати на потскалите на SOQ-C.....*60*

4.3. Асоцијации помеѓу демографските карактеристики и SOQ резултати 63

4.4. Асоцијација на групите пол скалите на SOQ-C во студија 1 63

4.5. Асоцијација на групите религиска припадност и SOQ за студија 1 66

4.6. Асоцијација на демографските карактеристики и SOQ со MS – студија 2 66

4.7. Проверка на хипотезите 68

5. ДИСКУСИЈА..... 75

ЗАКЛУЧОК..... 89

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 91

ПРИЛОЗИ..... 110

1. Демографски прашања 110

2. Процена на животни ставови..... 112

3. Прашања за освестување за смртноста..... 113

4. Прашалник за став кон самоубиство (само клинички скали) 114

Листа на графици

График 1: Средни вредности на скалите на SOQ-C.....63
График 2: Топ 12 „Се согласувам“.....83
График 3: Топ 11 „Не се согласувам“.....84

Листа на табели

Табела 1: Опис на осумте клинички скали на SOQ-C..... 55
Табела 2: Карактеристики на испитаниците за Став кон самоубиство (n=23).....56
Табела 3: Карактеристики на испитаниците за Освестување од смртност.....57
Табела 4: Поврзаност со личност што се самоубила во Студија 1.....58
Табела 5: Поврзаност со личноста што се самоубила во Студија 2.....59
Табела 6: Средни резултати на потскалите на SOQ, според „mean“ и „median“ во Студија 1.....60
Табела 7: Средни вредности на Потскалите како median за Студија 2.....62
Табела 8: Средни вредности на Потскалите како mean за Студија 2.....64
Табела 9: Т-тест на независна компонента – пол и скали на SOQ во Студија 1.....63
Табела 10:Пирсонова корелација меѓу демографски варијабли и SOQ за Студија 1....64
Табела 11: Пирсонова корелација за демографските карактеристики и SOQ и MS.....68
Табела 12: ANOVA тестот за споредба на ефектот на MS врз SOQ.....69
Табела 13: Т- тест за независна варијабла – пол и подскалите на SOQ во студија 2.....70
Табела 14: Т- тест за независна варијабла – пол и освестување за смртноста.....70
Табела 15: Пирсонова корелација за SOQ со MS.....71
Табела 16: Средни резултати на потскалите како „mean“ од Студија 1.....72
Табела 17: Средни вредности на Потскалите како mean од Студија 2.....72
Табела 18: Пирсонова корелација меѓу 8 пот-скали на SOQ во Студија 1.....74

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Демографски прашања.....**Error! Bookmark not defined.**

Прилог 2: Процена на животни ставови.....**Error! Bookmark not defined.**

Прилог 3: Прашања за освестување за смртноста.....**Error! Bookmark not defined.**

Прилог 4: Прашалник за став кон самоубиство (само клинички скали).....6

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

MS - Mortality Salience

SOQ - Suicide Opinion Questionnaire - Прашалник за поглед кон самоубиство

TMT – Terror Management Theory - Теорија за менаџирање на терор

SOQ–C – Suicide Opinion Questionnaire - Прашалник за поглед кон самоубиство (само клинички скали)

СЗП - Светска здравствена организација

САД - Соединети Американски Држави

ANOVA - Анализа на варијанса

Х - хипотеза

ВОВЕД

Теоријата за управување со теророт е развиена во 1986 година од страна на социјалните психолози Џеф Гринберг, Том Пишески и Шелдон Соломон, заснована врз идеите на Ернест Бекер. Оваа теорија смета дека луѓето споделуваат биолошка предиспозиција со сите форми на живот кон самозачувување на видот во служба на репродукција, но сепак ние сме единствени во нашиот капацитет за симболична мисла, која ја поттикнува самосвеста и можноста да размислиме за минатото и да размислиме за иднината. Ова предизвикува сознание дека смртта е неизбежна и може да се случи во било кое време од причини што не можат да се очекуваат или контролираат. Скоро секој се плаши од смртта. Како тој страв влијае врз функционирањето на човекот е во фокусот на теоријата на менаџирање на терор. Според оваа теорија, анксиозноста поврзана со смртта ги прави луѓето заштитнички настроени кон нивните светогледи и одржување на самодовербата на оптимално ниво. Всушност, ние, луѓето, преку тоа веруваме дека имаме важна улога во светот и дека животот кој го живееме има смисла. Затоа ние стануваме дел од група која е важна за нас, се водиме според културни норми и се вреднуваме себеси. Така, преку одржување квалитетни врски со другите луѓе и чекорење низ светот преку нашиот светоглед, симболички, останuваме бесмртни. Толку труд и мотивација ни треба за да се одржуваме живи во бесконечноста, а сепак некои луѓе одлучуваат да си го прекинат животот. Во моментот кога дознав за оваа теорија, помислив на феноменот на самоубиство. Оваа огромна спротивност ме инспирира да го започнам овој труд, поврзувајќи ги токму овие две теми. Направени се многу истражувања поврзани со освестувањето за смртноста, но според моите истражувања, премалку податоци има за тоа дали освестувањето за смртноста е поврзано со ставот кон самоубиството. Се надевам дека ова истражување ќе инспирира и ќе придонесе во научната практика.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

1.1. Теорија за менаџирање на терор

Теоријата за менаџирање на терор понудува можни увиди во тоа како индивидуите се справуваат со вообичаени одлуки, посебно во ситуации кога индивидуите би размислувале за нивната смртност. Теоријата за менаџирање на терор (Greenberg, Solomon, & Pyszczynski, 1986) произлегува главно од трудовите на Ернст Бекер (1962, 1964). Перспективата на Бекер има корени од филозофската, психолошката, антрополошката и социолошката теорија. Тоа е широка теорија којашто помага во објаснување на разни човечки однесувања. На пример, теоријата пробува да посочи зошто чувствуваме самодоверба и од каде произлегува нашиот конструкт за култура.

Бекер ја опишува смртта како фундаментален проблем со кој индивидуата се соочува. Нашите рационални капацитети ни дозволуваат да размислуваме околу нашето постоење. Ова доведува до разбирање дека неизбежно ќе умреме. Човекот, слично како и другите животни, има инстинкт и желба да преживее. Конфликтот помеѓу знаењето дека ќе умреме и нашиот инстинкт за опстанок може да создаде анксиозност. Бекер теоретизира дека културата и самодовербата се развиваат со цел да се контролира вознемиреноста од смртта. Теориите на Бекер се основните компоненти на теоријата за менаџирање на терор. Од гледна точка на теоријата за менаџирање на терор, културата се дефинира како симболички перцептивен конструкт кој служи како суштинска одбранбена функција за минимизирање на анксиозноста поврзана со свесноста за смртта (Solomon, Greenberg & Pyszczynski, 1991). На културниот светоглед се гледа како на база која претставува основа за минимизирање на анксиозноста со всадување на ред и стабилност во светот. Културниот светоглед може да биде дефиниран како збир на верувања за природата на реалноста кои придонесуваат за значење, стабилност, ред и ветување за буквална или симболична бесмртност (Harmon-Jones et al. 1997). Самодовербата може да се дефинира како верба во однос на тоа колку добро индивидуата ги постигнува стандардите и вредностите пропишани со светогледот. Културата може да се смета за екстензија на поединецот во овој контекст.

Поединците честопати ги бранат своите светогледи и самодоверби затоа што служат како обезбедување на заштита на анксиозноста од смртта преку поентите за осигурување на бесмртност, позната и како одбрана на светогледот. Одбраната на светогледот може да се смета како обид на поединецот да ги зајакне културно заснованите верувања за пропишано однесување. Поддржувајќи ја нашата култура и луѓето со кои се идентификуваме, ние ја осигуруваме нашата бесмртност. Културниот поглед на светот и самодовербата служат за заштита на поединецот од анксиозноста и смртта, преку давање буквална и симболичка бесмртност (Harmon-Jones et al. 1997). Симболичката бесмртност може да се смета како перцептивното продолжение на поединецот по смртта на начинот на кој таа или тој имал влијание врз културата на која ќе живее откако таа или тој е мртва. Ова можеби не вклучува физички доказ за постоењето на лицето, но воспоставување на хуманитарни организации, придонеси за уметноста и литературата и развојот на моралните филозофии и закони се средства за утврдување на симболична бесмртност. Буквалната бесмртност, од друга страна, се однесува на бесмртноста што е доделена од морални/религиозни кодови од културниот светоглед. На пример, на поединци може да им биде доделено вечен живот ако ги исполнуваат моралните кодови и стандарди на нивната култура. Пример за ова би било христијанството и понудата на вечен живот во рајот. Така, во обиди да се обезбеди уверување и во симболичката и во буквалната бесмртност, теоријата за менаџирање на терор тврди дека многу индивидуални и социјални однесувања се насочени кон преземање на светогледи и самодоверба (Pyszczynski, Greenberg, & Solomon, 1997). Поточно, самодовербата дозволува поединците да ги проценат своите индивидуални карактеристики и достигнувања во придонес кон нивното симболично. Самодовербата се состои од перцепција дека некој е вреден дел од значаен универзум и во суштина функционира да ја ублажи анксиозноста од смртта во контекстот на теоријата за менаџирање на терор (Solomon, Greenberg & Pyszczynski, 1991). Самодовербата се смета за перцепција дека некој ги исполнува барањата за вредности прифатени од културниот светоглед и тој/таа има вредност како индивидуа и му е доделена симболична бесмртност. Самодовербата тогаш има две компоненти: значајна концепција за реалноста и перцепција дека некој ги исполнува стандардите на вредност што се држат во рамките на овој поглед на реалноста. Поединците имаат самодоверба затоа што сметаат дека се вредни придонесувачи во општеството и дека живеат во согласност со социјално очекуваните норми на културата. Културата и самодовербата се сметаат за културно осмислени функции кои обезбедуваат заштита од анксиозност

од смрт преку буквална и симболичка бесмртност. Поединците имаат висока самодоверба како резултат на споредбата на себеси со светогледот (Pyszczynski, Greenberg, & Solomon, 1997). Селфот е дефиниран во овој контекст како систем на мисли што го регулира однесувањето (Pyszczynski, 2004). Овој сет на многу комплицирани и развиени способности ни овозможува да размислуваме и користиме апстрактни симболи (на пример, јазик), да се проектираме себеси во идните времиња и ситуации кои никогаш не сме ги доживеале. Овие способности ни овозможуваат да рефлектираме назад и да ја предвидуваме нашата неизбежна смрт, фундаменталниот проблем на човековото постоење. После ова, луѓето се фундаментално мотивирани да го одржуваат своето индивидуално постоење. Теоријата за менацирање на теророт има две главни тврдења. Првото главно тврдење е познато како хипотеза за модерација на анксиозност. Хипотезата за модерација на анксиозност наведува дека зголемувањето на самодовербата или вербата во културниот светоглед на човекот го прави поединецот помалку склон кон анксиозност, кон однесување поврзано со анксиозност и мисли околу смртта. Како резултат на тоа, самодовербата делува како модерација на анксиозност со давање можност за бесмртност (Pyszczynski, 2004). Функцијата на модерација на анксиозноста е составена од два дела: одбрана на светоглед и зголемување на самодовербата. Овие две функции се обиди да се контролира анксиозноста поврзана со смртта; тие функционираат на посебен начин додека и двете нудат форми на бесмртност. Повторно, хипотезата за модерација на анксиозност вели дека самодовербата и културниот светоглед даваат можност за бесмртност и затоа дејствуваат како намалувач на анксиозноста предизвикана од смртта. Хипотезата за модерација на анксиозност добила и корелативна и експериментална поддршка. Класичен доказ за корелација, кој обично се нуди за поддршка на оваа хипотеза, вклучува постојан однос помеѓу ниската самодоверба и анксиозноста (e.g., French, 1968; Rosenberg & Simmons, 1972) и негативна корелација помеѓу самодовербата и песимистички погледи за иднината (Coopersmith, 1967). Во однос на теоријата за менацирање на терор, индивидуата со пониска самодоверба веројатно ќе доживее поголема анксиозност затоа што таканаречената правилна функција за намалување на анксиозноста не се случува. Ниската самодоверба претставува изгубена верба на индивидуата во личната бесмртност и песимизам. Експериментални докази кои директно ја тестираат хипотезата за намалување на анксиозност откриваат дека зголемувањето на самодовербата ја намалува количината на пријавената вознемиреност како одговор на освестувањето за смртноста (Greenberg et al.'s, 1992). Понатамошните

истражувања откриваат дека учесниците со повисока самодоверба не се труделе да ја одрекуваат ранливоста предизвикана од смртта (Greenberg et al., 1993). Исто така, таквите поединци не чувствувале потреба да го бранат својот светоглед (Harmon-Jones et al., 1997). Всушност, истражувањата го поддржуваат концептот дека поединците со повисока самодоверба се поспособни да ја ублажат анксиозноста. Ова резултира во намалување на достапноста на конструктите поврзани со смртта заради поефикасен одговор за ублажување како резултат на функционирањето на самодовербата и погледот на светот. Поради фактот дека културата е основа за самодоверба и светоглед, културата, со којашто индивидуата се идентификува, е инструментална во процесот на ублажување на анксиозност. Затоа е хипотезирано дека потсетник за смртта на одредена култура ќе поттикне поддршка и одбрана на таа посебна култура (Janssen, Dechesne, & Van Kippenberg, 1999). Како поддршка на оваа хипотеза, потсетниците за смртност кај младите поттикнуваат да се идентификуваат и да ја бранат својата младинска култура. Поединци на одредена култура конструираат светоглед со цел да се всади смисла и да се разбере животот и смртта. Откриено е дека младинската култура функционира само како ублажувач на анксиозност во контекстот дека младите имаат соодветна социјална моќ да ја градат својата култура (Reiling, 2002). Овие импликации се предложени како резултат на студија која траела во период од над десет години, со длабински интервјуа и забелешки на поединци во рамките на една Амиш населба. Бидејќи младинската супкултура на Амиш луѓето ја дефинираат возрасните, пропишаните норми за младинската култура всушност ја засилувале анксиозноста и депресијата во овој примерок. Се чини дека поединците не само што мора да се идентификуваат со својата култура, туку и активно да се дефинираат и да ги прифатат пропишаните норми на однесување. Неодамнешната работа на истражувачите, исто така, покажува дека предизвиците за светогледот овозможуваат мислите поврзани со смртта да бидат подостапни по изложеноста на освестувањето за смртноста (Friedman & Rholes, 2007). Како што е хипотезирано, самоидентификувани фундаментални христијани што наишле на материјали што го предизвикуваат фундаменталното верување дека Библијата е ослободена од недоследности и контрадикции, било откриено дека имаат поголема достапност до когниции поврзани со смртта откако биле изложени на мисли за сопствена смртност. Може да се извлечат многу заклучоци од истражувањата за хипотезата за ублажување на анксиозност. Се сугерира дека потсетниците за неизбежноста на смртта доведуваат до низа обиди да се одржува верба во светогледот и самодовербата и индивидуата ќе се брани од заканите кон светогледот

и самодовербата бидејќи буквалната и симболичната бесмртност на индивидуата се зависни од нив (Pyszczynski, 2004). Оваа хипотеза е позната како хипотеза за освестувањето за смртноста и може јасно да се каже како потсетниците за смртта предизвикуваат анксиозност за смртта и како лицето се справува преку самодоверба и култура. Пример, едно истражување во оваа област се осврна на желбата на луѓето да имаат деца под услови на освестувањето за смртноста (Fritshe et al., 2007). Во ова истражување лицата во состојба на освестувањето за смртноста се замолени да ја напишат првата реченица која им паѓа на памет кога размислуваат за сопствената смрт. Поединци во контролната група биле замолени да одговорат на прашање поврзано со болка во забите. Откриено е дека поединци во состојба на освестувањето за смртноста, пројавиле желба за повеќе деца, во споредба со оние во контролната состојба. Овие резултати може да се толкуваат на следниов начин: зголемувањето на бројот на деца може да биде поврзано и со светогледот и со самодовербата и оттаму нудат бесмртност за поединецот. Второто тврдење е познато како теорија на двоен процес. Таа тврди дека свесните мисли за смртта се бранат со проксимална одбрана. Тоа се рационални обиди насочени кон закани да ги отстранат свесните мисли поврзани со смртта. Од друга страна, несвесните мисли за смртта се бранат со дистални одбрани: симболични сфаќања за себе и реалноста, специфицирани за нечија култура како начин на справување со несвесното знаење (за разлика од моменталната свесност) за неизбежноста на смртта.

1.2. Самоубиство

Самоубиството претставува постапка на намерно предизвикување на сопствената смрт. Факторите кои го предизвикуваат најчесто вклучуваат душевни болести, како што се: депресија, биполарно растројство, шизофренија, злоупотреба на супстанции, вклучувајќи алкохолизам и употреба на бензодиазепини. Други самоубиства вклучуваат импулсивни дејства поради стрес, како што се финансиски потешкотии, проблеми со врски или малтретирање. Оние кои претходно се обиделе да извршат самоубиство, се изложени на поголем ризик за идни обиди. Напорите за спречување на самоубиството вклучуваат ограничување на пристапот до методи на самоубиство, како огнено оружје, дрога и отрови, третман на менталните нарушувања и злоупотребата на супстанции, правилно известување за самоубиство во медиумите и

подобрување на економските услови. Иако постојат кризни линии, има малку докази за нивната ефективност (Sakinofsky, 2007).

Најчесто користениот метод на самоубиство варира помеѓу земјите и е делумно поврзан со достапноста на ефективни средства. Заедничките методи вклучуваат: бесење, труење со пестициди и со огнено оружје. Самоубиството резултирало со 828.000 смртни случаи на глобално ниво во 2015 година (зголемување од 712.000 смртни случаи во 1990 година). Според овие податоци, самоубиството е десетта водечка причина за смрт во светот (Hawton, van Heeringen, 2009).

Околу 0,5% до 1,4% од луѓето умираат од самоубиство, или околу 12 на 100.000 лица годишно (Värnik, 2012). Три четвртини од самоубиствата се појавуваат во земјите во развој. Стапките на извршени самоубиства се генерално повисоки кај мажите отколку кај жените, кои се движат од 1,5 пати повеќе во земјите во развој до 3,5 пати во развиените земји. Самоубиството е најчесто кај оние на возраст над 70 години. Сепак, во одредени земји оние на возраст меѓу 15 и 30 се со најголем ризик. Секоја година се проценува дека има 10 до 20 милиони нефатални обиди за самоубиства (Bertolote, Fleischmann, 2002). Нефаталните обиди за самоубиство можат да доведат до повреда и долгорочни хендикепи. Во западниот свет, обидите се почести кај младите луѓе и жените (Chang, Gitlin, Patel, 2011).

Погледите за самоубиството биле под влијание на широки егзистенцијални теми, како што се: религијата, честа и смислата на животот (Tomer, Adrian, 2013). Аврамските религии традиционално го сметаат самоубиството за навреда кон Бога поради верувањето во светоста на животот. За време на ерата на самураите во Јапонија, формата на самоубиство била позната како „сепуку“, и истата била почитувана како средство за признавање на неуспех или како форма на протест. „Сати“ претставувала пракса која била забранета од Британска Индија, според која пракса од индиската вдовица се очекувало или да се самоубие по погребот на нејзиниот сопруг, или доброволно или под притисок од нејзиното семејство и општество. Самоубиството и обидот за самоубиство, додека претходно биле легални, денес не се во поголемиот дел од западните земји (White, Tony, 2010). Во многу земји тоа се смета за кривично дело (Lester, 2006). Во 20 и 21 век, самоубиство се користело во ретки прилики како форма на протест, а камиказите и самоубиствените бомбашки напади се користеле како воена или терористичка тактика (Aggarwal, 2009).

1.2.1. Фактори на ризик кои водат до самоубиство

Нортон и сор. (1988) откриле дека студии кои го истражуваат знаењето на адолесцентите за ризичните фактори, кога станува збор за самоубиство кај младите, практично не постојат. Самоубиството продолжува да биде главна причина за смртта на студенти на колеџите во САД (Hirsch et al., 2007). Куртис (2010) исто така заклучува дека популацијата на колеџот може да има повисоки стапки на самоубиствено однесување од општата популација.

Покрај тоа, Куртис (2010) открил дека ова може да се припише на низа социјални фактори; меѓу нив, големиот број важни и потенцијално стресни животни транзиции во текот на овој период од животот на една личност. Транзициите во животот, како што се промената во образовните области (средно училиште на факултет), транзициите како адолесценцијата во зрелоста и, на крај, зголемувањето на независноста и одговорностите може да се припишат на повисок ризик за самоубиство кај студентите. Највисоки стапки на самоубиства има кај младите возрасни лица, мнозинство од нив студенти на универзитети и колеџи.

Исто така е важно да се напомене дека стапките на самоубиства се особено високи меѓу студентите на факултетите во САД и самоубиственоста се зголемува на кампусите. Смртта со самоубиство претставува приближно 1% од вкупната додипломска популација од 17,5 милиони. Понатаму, самоубиството кај студентите на колеџ во моментов е рангиран на второ место како причина за смрт, по случајната смрт (Francis, 2003).

Ова е причината зошто социјалните фактори кои придонесуваат за самоубиство кај студентите на колеџ може да вклучуваат академски стрес и менување или немање социјални мрежи (Hirsch & Ellis, 1996; Konick & Gutierrez, 2005). Таквите транзиции исто така може да резултираат во загуби, како што се: социјален идентитет, осаменост и изолација, како и финансиски стрес (Scanlon et al., 2007).

Одделот за ментално здравје во Калифорнија во 1986 година финансирал петгодишно истражување за самоубиството кај младите. Оваа студија била спроведена за да даде увид во зголемувањето на стапката на самоубиства, како и да се обезбедат податоци што ќе помогнат во подобрувањето на развојот на програмата за евалуација и достапните интервенции. Оваа студија поточно била спроведена кај младите во

Калифорнија на возраст од 12 до 20 години, со цел подобро да се разбере како се чувствувале младите во однос на факторите што придонесуваат за самоубиство кај младата популација. Истражувањето било спроведено и за да се оценат програмите и интервенциите што може да се создадат како резултат на наодите. Студијата резултирала со наоди од истражувањето на пет групи примероци: (а) млади луѓе на возраст од 12 до 15 години (n = 318), (б) млади луѓе на возраст од 16 до 19 години (n = 326), (в) ученици од средните училишта во Калифорнија (n = 1000), (г) психолошки податоци за обдукција за млади од Калифорнија кои извршиле самоубиство (n = 44) и (д) родители на млади од Калифорнија на возраст од 12 до 19 години (n = 465).

Истражувачите (Nelson et al., 1988) откриле дека кај петте примероци, испитаниците одговориле слично на отворени прашања, како што се: „Кои се главните причини за самоубиство кај младите денес?“. При испитувањето на моделите на одговор, било очигледно дека сите примероци сметале дека интраперсоналните проблеми, како што се: депресија, чувство на безнадежност, стрес и ниска самодоверба, се главните причини за самоубиство кај младите. Другите обрасци забележани во врска со интраперсоналните проблеми што довеле до самоубиство на младите, вклучуваат семејна нестабилност и проблеми со родителите. Различни меѓучовечки фактори, како што се: злоупотреба на дрога, училишни проблеми и конфликти со врсниците, исто така биле често споменувани. Секоја од петте групи примероци, исто така, најчесто ги вклучиле семејните и родителските проблеми како главна причина за самоубиство кај младите во однос на другите фактори (Nelson et al., 1988).

Оваа студија ги потенцирала факторите на ризик кои придонесуваат за самоубиство на младите. Меѓу нив, младите пријавиле проблеми со ниска самодоверба, социјално отуѓување, семејна дисфункција, злоупотреба на супстанции и присуство на сериозни емоционални нарушувања. Испитаниците верувале дека самоубиството кај младите е резултат на комбинација на фактори, вклучувајќи семејни проблеми, проблеми во врски меѓу врсници и психолошки тешкотии, како што се депресија и ниска самодоверба (Nelson et al., 1988). Проблемите поврзани со училиштето честопати биле споменувани од оние испитаници кои самите биле на училишна возраст. Спротивно на тоа, двете примерочни групи, составени главно од возрасни испитаници, не споменале проблеми во училиште како потенцијална причина за самоубиство кај младите.

Злоупотребата на супстанции, како и злоупотребата на алкохол е идентификувана како фактор на ризик за самоубиство кај младите и овие прашања на злоупотреба се проблем со кој истражувачите и универзитетите се борат многу. Различни истражувачи воспоставиле врска помеѓу злоупотребата на супстанции и ризикот од самоубиство (Shaffer et al., 1996), како и употребата на алкохол и ризик од самоубиство. Злоупотребата на супстанции е исто така значаен фактор на ризик кога станува збор за самоубиство кај младите, особено кај постарите адолесцентни мажи (Shaffer et al., 1996) и кога се случуваат истовремено со афективно нарушување.

Историјата на обиди за самоубиство во минатото се покажала дека го зголемува нивото на ризик и за студентите и за општата популација (Hawton & Sinclair, 2003). Сфаќањето дека минатите обиди за самоубиство претставуваат поголем ризик за студентите е од корист да се види како колеџите и универзитетите го третираат нивото на ризик за запишаните студенти. Една четвртина, до една третина од поединците кои умираат од самоубиство, имале историја со обиди за самоубиство. Со секој последователен обид, ризикот од самоубиство се зголемува - за машки адолесценти ризикот е триесет пати поголем, додека кај жени адолесценти ризикот е трипати поголем (Shaffer et al., 1996).

Во споредба со хетеросексуалните студенти, хомосексуалните, бисексуалните и трансродовите (ЛГБТ+) студенти се изложени на зголемен ризик за самоубиство. Изолацијата, отфрлањето на семејството и дискриминацијата ги наведуваат ЛГБТ+ младите да доживеат можна депресија, како и други можни проблеми со менталното здравје. Самоубиството е поврзано со импулсивност. Иако знаеме дека самоубиствениот процес може да трае со недели, месеци или дури и години, фаталната транзиција од самоубиствена идеја и обиди за самоубиство кон вистинско завршено самоубиство често се случува ненадејно, неочекувано и импулсивно, особено кај адолесцентите. Тешкотиите во управувањето со различните, често силни и мешани емоции и флуктуации на расположението што ја придружуваат конфронтацијата со нови и постојано променливи предизвици во различни домени, е уште еден фактор на ризик за самоубиство кај младите, веројатно делумно под влијание на бионевролошки фактори. Утврдено е дека младите луѓе кои извршиле самоубиство имале посиромашни вештини за решавање проблеми од нивните врсници. Нивното однесување се карактеризира со прилично пасивен став, чекајќи некој друг да го реши проблемот за нив, за едноставни проблеми, како и за посложени меѓучовечки проблеми. Некои

истражувачи укажуваат на дефекти на меморијата во овој контекст, со малку детални сеќавања на ефективни решенија во минатото. Други, пак, го поврзуваат со крутиот процес на размислување, кој често се среќава кај овие млади луѓе. Со овој начин на размислување, наречено и „дихотомично размислување“, луѓето доживуваат настани и ги искажуваат своите искуства како тотално „црни“ или „бели“, тотално добри или тотално лоши, со малку простор за нијанси и градација. Ова исто така претставува и нивна слика за себе. Оваа неспособност при решавање на проблеми и регулирање на расположението честопати предизвикува несигурност, ниска самоефикасност и самодоверба, но може да доведе и до гнев и агресивно однесување, емоционална криза и самоубиствена криза, особено во комбинација со перфекционистички црти на личност.

1.2.2. Самоубиство кај младите

Секоја година приближно 800.000 луѓе ширум светот умираат од самоубиство (WHO, 2017). Со оглед на тоа што самоубиството е водечка причина за смрт во сите возрасни групи, самоубиствените мисли и однесување кај младите бараат посебна грижа од повеќе причини. Прво, најсилното зголемување на бројот на смртни случаи од самоубиство во текот на целиот животен век се случува помеѓу раната адолесценција и младата зрелост (Nock, Borges, Bromet, Alonso et al., 2008; WHO, 2017). Второ, самоубиството е рангирано повисоко како причина за смрт во текот на младоста, во споредба со другите возрасни групи. Тоа е втора водечка причина за смрт во текот на детството и адолесценцијата, додека е десетта водечка причина за смрт кај сите возрасни групи. Трето, многу луѓе кои некогаш размислувале или се обиделе да извршат самоубиство во својот живот, прво го правеле тоа за време на нивната младост, бидејќи животната возраст на почетокот на самоубиствените идеи и обидот за самоубиство обично се случува пред средината на 20-тите години (Kessler, Borges, & Walters, 1999).

Обид за самоубиство е акција со цел намерно да се стави крај на сопствениот живот. Најчестиот метод кај младите е типично предозирање или голтање апчиња, проследено со бесење/задушување и употреба на остар предмет, на пример, сечење вени (Parellada et al., 2008). Обидот за самоубиство кај адолесцентите често се случува

во контекст на план, иако значителен број адолесценти (20% – 40%) се обидуваат да извршат самоубиство без претходен план за истото (Witte et al., 2008).

Самоубиствена смрт е фатална акција за намерно ставање крај на сопствениот живот. Постојат некои различни модели низ географските региони, најверојатно поврзани со варијабилен пристап до смртоносни средства (Colucci & Martin, 2007). Самоубиствена смрт со скок пред објект во движење (на пример, возови), на пример, е почеста кај адолесцентите во земјите со високоразвиени железнички системи, на пример, Белгија, Германија, Холандија, Швајцарија (Hepp, Stulz, Unger-Köppel, & Ajdacic-Gross, 2012). За разлика од вообичаената практика на самоубиство со голтање на пестициди во рурална Кина, метрополитните региони како Хонг Конг и Сингапур забележуваат помалку голтање на пестициди и повеќе проголтување на лекови и скокање од височина (Wai, Hong, & Heok, 1999).

Самоубиствената идеја е ретка пред десеттата година од животот и нејзината распространетост рапидно се зголемува помеѓу 12-та и 17-та година од животот (Nock et al., 2013). Многу адолесценти продолжуваат да доживуваат самоубиствени идеи дури и по хоспитализација (Czyz & King, 2015; Wolff et al., 2018). Адолесцентите кои доживуваат самоубиствена идеја (наспроти несуицидни адолесценти) имаат приближно 12 пати поголема веројатност да се обидат да извршат самоубиство на возраст до 30 години и над една третина од адолесцентите кои доживуваат самоубиствени идеи продолжуваат со обид за самоубиство (Nock et al., 2013). Самоубиствената идеја, која е особено честа, сериозна и хронична, е поврзана со обид за самоубиство. Од оние адолесценти чии идеи за самоубиство преминуваат во обиди за самоубиство, мнозинството го прават тоа во рок од 1-2 години од појавата на идејата за самоубиство (Glenn et al., 2017) и се карактеризираат со специфични клинички презентации, на пример, депресија/дистимија, нарушување во исхраната, хиперактивност, разни нарушувања во однесувањето и слично. (Nock et al., 2013).

Очекувано, обидот за самоубиство се случува во подоцнежна возраст отколку самоубиствената идеја. Обидот за самоубиство е редок пред 12-та година од животот, а неговата распространетост се зголемува за време на раната до средна/доцна адолесценција (Nock et al., 2013) и се стабилизира во раните 20-ти години (Goldston et al., 2015). Меѓу клиничките популации, се покажало дека повеќето обиди за самоубиство по доцната адолесценција се повторни обиди, со тоа што времето на повторните обиди се намалува со поголема фреквенција. Покрај тоа што

самоубиствената смрт е поретка кај децата, документирани се самоубиства на возраст од 5 до 8 години. Самоубиствената смрт станува сè почеста кај младата популација од 15 до 19 години (Kolves & de Leo, 2017).

Полот претставува добро утврден парадокс во кој адолесцентните девојки имаат поголема веројатност да доживеале самоубиствена идеја и обид за самоубиство отколку момчињата, но адолесцентните момчиња имаат поголема веројатност да умрат од самоубиство (Brent, Baugher, Bridge, Chen, & Chiappetta, 1999; Fergusson, Woodward, & Horwood, 2000). Нема изразена разлика во половите во преваленцата или сериозноста до приближно 11-та година од животот. Неодамнешните откритија сугерираат мали разлики во возраста на појавата (на пример, порана возраст на почеток за самоубиствена идеја кај жени, порана возраст на почеток за обид за самоубиство кај мажи), иако овие модели може да варираат во различни нивоа на клиничка сериозност (Glenn et al., 2017). Постојат мешани наоди кои се однесуваат на преминот од адолесценција во младост, со некои студии кои известуваат за пониски разлики во половите, додека други известуваат за постојани разлики во групата (Fergusson et al., 2000). Половите разлики во стапките на смртност од самоубиство кај младите има тенденција да ги имитира оние што се наоѓаат кај возрасните, така што момчињата и младите мажи умираат од самоубиство со стапка од повеќе од два пати - а понекогаш и повеќе од три пати – во однос на девојчињата и младите жени.

Постарите адолесценти имаат поголема веројатност да умрат од самоубиство отколку децата и помладите адолесценти. Типично низ земјите, стапките на смртност од самоубиство кај постари адолесценти и млади возрасни лица (15-29 години) се најмалку 10 пати поголеми од децата и младите адолесценти (5-14 години). Овој тренд кај постарите адолесценти барем донекаде се припишува на поголема распространетост на психопатологијата, како што се злоупотреба на супстанции и намери за самоубиство (Brent et al., 1999).

Забележителни разлики кај возраста, исто така, постојат и во употребата на методите за самоубиство. На пример, бесењето/задушувањето е почеста кај децата во споредба со адолесцентите (Sheftall et al., 2016), а употреба на остар предмет е почеста кај адолесцентите во споредба со возрасните (Parellada et al., 2008). Адолесцентите и децата кои умираат од самоубиство, во споредба со возрасните, имаат помала веројатност да биле во алкохолизирана состојба или да направиле претходен обид за самоубиство.

Употребата на супстанции, сиромаштијата, невработеноста, високата достапност до смртоносни средства, меѓугенерациската траума и губењето на културата/идентитетот се наведени како потенцијални фактори на ризик, а поврзаноста и комуникацијата меѓу заедницата/семејството се наведени како потенцијални заштитни фактори (Coloma et al., 2006; Wexler & Gone, 2012). Силни докази го истакнуваат малтретирањето (т.е. виктимизација од врсници) како фактор на ризик за самоубиствени мисли и однесување кај младите. Насилството се состои од намерно штетно или вознемирувачко однесување кое се повторува и се повикува на диференцијал на моќност. Студии го покажале влијанието на социјалното исклучување, вербално/физичко малтретирање и принуда од врсници за време на детството и раната адолесценција врз подоцнежните самоубиствени идеи, обид за самоубиство и смрт од самоубиство (Geoffroy et al., 2016).

1.2.3. Психолошки фактори на ризик и корелати

Истакнатите психолошки корелати и факторите на ризик од самоубиствени мисли и однесување кај младите се организирани во домените на афективни, когнитивни и социјални процеси и првенствено се мерат преку самоевалуација, однесување и физиологија. Афективните процеси се однесуваат на психолошки фактори кои се емоционално балансирани и главно се однесуваат на негативното влијание. Исто така, опишани се импликации на позитивно влијание (или недостаток од него), како и регулирање на влијанието или емоциите. Когнитивните процеси се однесуваат на контрола на импулсот (т.е. импулсивност) и избор на пристрасност за обработка на информации. Социјалните процеси се однесуваат на психолошките процеси ориентирани кон другите, вклучително и набљудуваниот степен и вклученост во меѓучовечки односи. Генерално, психолошките процеси добија различни степени на докази. Најсилно се поддржани процесите поврзани со негативните влијанија (со забележителни исклучоци), а истакнатите когнитивни и социјални процеси добија умерена поддршка. Тековниот литературен фокус за психолошки процеси означува отстапување од потрадиционалниот фокус на самоубиствени мисли и однесувања како резултат на психијатриски дијагнози. Овој пристап претставува област на која треба да се посвети поголемо внимание во иднина.

Доказите за поддршка на процесите поврзани со негативен афект се движат од силни до умерени, во зависност од аспектот на испитуваното негативно влијание. Силни докази ја поддржуваат безвредноста и ниската самодоверба како фактори на ризик за самоубиствени мисли и однесување кај младите. Откриено е дека самопрогласената безвредност и ниската самодоверба, како и мерките на однесување на негативното самореференциско размислување, предвидуваат идна самоубиствена идеја и обид за самоубиство. Слични откритија се откриени за невротицизам (т.е. тенденција да се одговори на закана, фрустрација и загуба со негативен афект (Enns, Cox, & Inayatulla, 2003; Fergusson et al., 2000). Другите аспекти на негативниот ефект, како што е безнадежноста, може да игра улога во предвидување на самоубиствени мисли и однесувања. Повеќе студии со адолесценти сега докажаа дека безнадежноста може да биде подалечен фактор на ризик, бидејќи не предвидува самоубиствена идеја (Myers, McCauley, Calderon, & Treder, 1991; Prinstein et al., 2008). Ова е во контраст со повеќе ветувачки откритија кај младите возрасни лица. Иако безнадежноста не може единствено да претставува основа за самоубиствени мисли и однесувања во една фиксна временска точка кај адолесцентите, новите истражувања ја истакнуваат улогата што може да ја има во идентификувањето на хроничноста и траекторијата на самоубиствени мисли и однесување со текот на времето. Поточно, контролирајќи ја основната психопатологија, се покажа дека безнадежноста ги карактеризира адолесцентите, чија самоубиствена идеја останала зголемена со текот на времето, во споредба со оние кои упорно ги одржувале супклиничките нивоа на самоубиствени идеи (Czyz & King, 2015).

Доказите за поддршка на процесите поврзани со позитивно влијание ветуваат, а се особено убедувачки во случај на анхедонија или недостаток на позитивно влијание или неможност да се доживее задоволство. Врз основа на наоди кои идентификувале поголеми нивоа на анхедонија кај адолесцентите кои доживеале обиди за самоубиство (Nock & Kazdin, 2002), се покажало дека анхедонијата предвидува и последователни настани поврзани со самоубиство (на пример, обид за самоубиство или интервенција за да се спречи обид за самоубиство), контролирање на основната самоубиствена идеја, сексуално злоставување и гранично нарушување на личноста.

Способноста да се набљудуваат и менуваат емоциите е многу релевантна за искуството на негативно и позитивно влијание. Постојат неколку студии кои покажуваат дека различни аспекти на нарушување на регулацијата на емоциите се

однесуваат на самоубиствени идеи и самоубиствени обиди за време на адолесценцијата. Една студија покажала дека тешкотијата во идентификувањето на емоциите и ограниченият пристап до ефективните стратегии за регулирање предвидуваат последователен обид за самоубиство во обидот за контрола на основните симптоми на депресија (Pisani et al., 2013). Специфични пристапи за регулирање на емоциите, во голема мера несоодветни когнитивни стратегии, како што се руминација и потиснување на негативни мисли и чувства, исто така, се поврзани со самоубиствени идеи кај адолесценти и млади (Najmi, Wegner, & Nock, 2007). Истражувањата, што се појавуваат во однос на адаптивни стратегии кај младите, упатуваат на ветувачки алтернативи кои можат да го спречат ризикот од самоубиство и да бидат уште попредвидливи од несоодветните стратегии (Burke et al., 2010). Дополнително е разгледана и флексибилноста со која се имплементираат стратегии за регулирање на емоциите, како што се сузбивање или изразување на емоции (Bonanno & Burton, 2013).

Најчесто проучуваниот когнитивен процес во литературата за самоубиство кај младите е импулсивноста, која доби умерена поддршка како фактор на ризик за самоубиствени мисли и однесување. Се покажало дека импулсивноста како особина, обично оценета со употреба на мерки за самоевалуација, предвидува проспективна самоубиствена идеја и обид за самоубиство кај адолесценти и млади возрасни лица. Други истражувања на импулсивноста биле во голема мерка пресечни и со различни наоди. Ова е основано врз литературата за возрасни, што сè повеќе сугерира дека поврзаноста помеѓу импулсивноста и самоубиствените мисли и однесување е мала (Anestis, Soberay, Gutierrez, Hernández, & Joiner, 2014). Но, кога се разгледува во комбинација со агресија, импулсивноста (т.е. импулсивната агресија) може да биде поцврста корелација и потенцијален фактор на ризик (Brent et al., 2002).

Дополнително, неколку студии покажале дека импулсивната агресија предвидува пренесување на семеен ризик од самоубиство (Brent et al., 2003) и го надополнува истражувањето за поддршка на гнев и агресија како потенцијални фактори на ризик за самоубиствени идеи и обиди, особено кај машките адолесценти (Daniel, Goldston, Erkanli, Franklin, & Mayfield, 2009). Како резултат, понатамошни истражувања за разјаснување на импулсивната агресија се охрабрени, заедно со истражувања за преклопувањето на импулсивната агресија со поврзани конструкти (на пример, регулирање на емоции, лута руминација, намалена самоконтрола (Denson, Pederson, Friese, Hahm, & Roberts, 2011).

Во поново време, се појавија наоди кои ја поддржуваат улогата на индивидуални пристрасности за обработка на информации во врска со самоубиствени мисли и однесување, во голема мера преку вкрстени студии. На пример, релевантни за пристрасностите во вниманието, откриените докази со користење на „Задачата за мрежата на внимание“, (Attention Network Task) укажуваат на тоа дека адолесцентите со намера за самоубиство покажуваат дефицит во одржливо внимание и будност во споредба со оние кои не покажуваат самоубиствени намери (Sommerfeldt et al., 2016). Спротивно на тоа, оваа студија покажала дека нема групни разлики во другите видови мрежи за внимание (т.е. ориентирачки, извршни). Како друг пример, релевантен за пристрасностите во меморијата, докажано е дека адолесцентните обиди за самоубиство потсетуваат на автобиографски сеќавања на претерано генерализиран и помалку специфичен начин во споредба со оние што немаат самоубиствени намери (Arie, Apter, Orbach, Yefet, & Zalzman, 2008). Ова е случај без оглед на тоа дали сеќавањата се позитивни или негативни и може да имаат ефекти што се специфични за повикување на меморијата од поле или перспектива во прво лице (Chu, Buchman - Schmitt, & Joiner, 2015).

Еден од најчестите социјални процеси е меѓучовечката поврзаност (на пример, осаменост). Покрај релативно високиот степен на внимание, останува умерен доказот за поддршка на осаменоста како директен и проксимален фактор на ризик за последователни самоубиствени идеи и обиди за време на адолесценцијата. Биваријантните потенцијални модели демонстрираат значителна врска со текот на времето, но мултиваријатните потенцијални модели сугерираат дека ефектот на осаменост врз самоубиствените мисли и однесување за време на адолесценцијата може да биде со посредство на психопатологијата (Jones et al., 2011; Lasgaard, Goossens, & Elklit, 2011). Може да има одбрани случаи кога осаменоста игра поцентрална улога, како што е посредување во врската помеѓу социјалната анксиозност и последователната самоубиствена идеја за време на адолесценцијата (Gallagher et al., 2014) или предвидување на обид за самоубиство подоцна во животот, поточно рана зрелост.

Поврзано со осаменоста, специфичните аспекти на Интерперсоналната теорија за самоубиство (Joiner, 2005), како што се спречена припадност во социјални кругови и перцепцијата кон себе како товар, се покажало дека предвидуваат самоубиствени мисли и однесувања кај младите. Поточно, докажано е дека спречената припадност е поврзана со стекнатата способност да се предвиди обид за самоубиство кај жени

адолесценти, а се заклучува и дека перцепцијата за себе како товар е поврзана со стекнатата способност да се предвиди обид за самоубиство кај мажите (Czyz, Berona, & King, 2015).

Процесите на социјална комуникација и одговор се клучни за одржување на меѓучовечките односи. Како еден пример во областа на процесите на социјален одговор, се покажало дека адолесцентите кои доживеале самоубиствена идеја или обид за самоубиство, демонстрираат нетипични (т.е. хипо или хиперреспонсивни) нивоа на кортизол при одговор на социјален стрес во споредба со несуицидните адолесценти (Giletta et al., 2015), иако наодите остануваат мешани во насоченост и зависат од контекстот и методот на собирање на податоци (Melhem et al., 2017).

1.2.4. Самоубиство и депресија

Дисталната одбрана се појавува по одложување и одвлекување на вниманието. Теоријата на двоен процес имплицира дека мислите поврзани со смртта, најверојатно, ќе ја зголемат оддалечената одбрана на светогледот кога се наоѓаат на работ на свеста. Иронично, теоријата исто така имплицира дека водењето мисли поврзани со смртта во свеста треба да ја ослабне или елиминира употребата на овие одбрани. Во согласност со оваа анализа, истражувањата покажале дека одбраната на светогледот е поголема како одговор на суптилните отколку на отворените потсетници за нечија смртност. Следните студии ги оцениле ефектите на оттргнување на учесниците од мислата поврзана со смртта, наспроти одржувањето на таквите мисли во фокусно внимание (Greenberg et al., 1994). Овие студии покажале дека одбраната на светогледот е покачена само кога луѓето се расеани од мислите поврзани со смртта пред да ги пополнат мерките за одбрана на светот.

Улога на доцнење и расеаност во проксималната и дисталната одбрана. Понова студија директно ги споредила ефектите на одвлекување на вниманието врз проксималната и дисталната одбрана како одговор на освестување за смртноста. Учесниците биле поттикнати да размислуваат или за сопствената смртност или за неутрална тема, а потоа им била дадена можност или да ја негираат својата ранливост на рана смрт и потоа да го бранат својот културен светоглед (проксимална одбрана проследена со дистална одбрана) или да го бранат својот културен поглед притоа негирајќи ја нивната ранливост на рана смрт (дистална одбрана проследена со проксимална одбрана). Проксималната одбрана била оценета од страна на учесниците да веруваат дека високите нивоа на емоционалност се поврзани со долг или краток животен век, а потоа тие да ја оценат нивната емоционална реактивност. Проксималната одбрана се рефлектира со пристрасност кон известување за кое било ниво на емоционалност се смета дека е поврзано со долг животен век.

Истражувањето на проксималната одбрана насочена кон закани за да се одрекне нечија ранливост на рана смрт, спроведена од други истражувачи, обезбедува дополнителна поддршка за предлогот овие одбрани да се појават наскоро по изложувањето на заканувачкиот материјал, додека заканата сè уште е во моментална свест. На пример, Јемот и сор. (1986) ги натерале учесниците да веруваат дека или

имале или немале измислен недостаток на ензим. Веднаш по добивањето на оваа дијагноза, учесниците ја оцениле сериозноста на нарушувањето, точноста на тестот и колку би сакале да добијат повеќе информации за нарушувањето. Учесниците кои биле под свесна закана, верувајќи дека имаат недостаток, покажале зголемена проксимална одбрана, оценувајќи го нарушувањето како помалку сериозно, а тестот е помалку точен од оние кои не се загрозени. Поврзаната истрага на Кројл и Санде (1988) овозможила само пет минути да поминат од самодијагностицирање на недостаток на ензим до завршување на зависните мерки и да се обезбеди дополнителна поддршка за употреба на проксимална одбрана кога заканувачкиот материјал е во фокусно внимание. Учесниците кои верувале дека имаат недостаток го оцениле нарушувањето како распространето и помалку сериозно, а дијагностичкиот тест бил помалку точен, отколку оние кои не се дијагностицирани. Поврзано истражување со употреба на измислени дијагнози на висок крвен притисок и висок холестерол (Croyle & Williams, 1991) исто така, покажало зголемена употреба на проксимална одбрана насочена кон закани кога учесниците се свесни за заканата. Понатаму, за разлика од нашите студии за дистална одбрана за менаџмент на терор, Кројл и Вилијамс откриле зголемување и на негативното влијание и на негирањето на импликациите на дијагнозата веднаш по измислената дијагноза на висок холестерол. Овие студии покажуваат дека, за разлика од дисталните одбрани забележани во студии за освестување на смртноста, одбраните кои одбиваат проксимална ранливост се појавуваат многу брзо по изложувањето на заканувачките информации, додека учесниците сè уште се свесни за заканата и може да бидат посредувани од свесно искусни негативни влијанија.

Улога на пристапноста до темата смрт во одбраната на дисталното управување со терор. Управувањето со терор е тековен процес што луѓето постојано го следат за да го одвратат потенцијалот за вознемиреност што произлегува од сознанието дека смртта е неизбежна. Потсетниците за неизбежноста на смртта едноставно ја зголемуваат потребата за заштита од културна вознемиреност. Фактот дека потсетниците за неизбежноста на смртта го зголемуваат интензитетот на одбраната на светогледот укажува на тоа дека таквата дистална светска одбрана може да биде посредувана од достапноста на мислата поврзана со смртта во меморијата. Теоријата на двоен процес предвидува дека потребата од протективна бариера за културна вознемиреност се зголемува со зголемувањето на достапноста на мислите поврзани со смртта, сè до точката во која таквите мисли влегуваат во свеста, во која точка пристапноста на овие

мисли се потиснува преку активирање на поголема проксимална одбрана фокусирана на закани.

Ако потребата за одбрана на светоглед се зголемува со достапноста на мислата поврзана со смртта, тогаш пристапноста на темата на смртта треба да биде релативно висока во услови што доведуваат до високи нивоа на одбрана на светот и релативно ниска во услови што доведуваат до ниско ниво на одбрана на погледот на светот. На пример, би се очекувало дека пристапноста до темата на смртта ќе биде мала веднаш по свесноста за смртноста, но ќе се зголеми по одложување и расеаност.

Harmon-Jones et al. (1997) покажале дека и високите нивоа на диспозитивна самопочит и ситуационо наметнато зголемување на самодовербата го намалуваат или елиминираат ефектот на свесноста за смртноста врз одбраната на индивидуалниот светоглед. Понатаму, истиот ситуациски поттик за самодоверба што го елиминира влијанието на свесноста за смртноста врз одбраната на светогледот, исто така, го елиминира одложеното зголемување на пристапноста до темата смрт, што било пронајдено во неутрална состојба на контрола на самопочитта и во претходни истражувања (Greenberg et al., 1994).

Слично на тоа, Симон и сор. (1997) покажале дека додека свесноста за смртноста ја зголемува одбраната на светогледот кога учесниците се во искусен, но не и рационален начин на обработка, ставањето на учесниците во рационален режим исто така го елиминира одложеното зголемување на пристапноста на темата смрт што се појавува кога учесниците се во искуствен режим. Така, откриена е конвергенција на условите што водат до висока пристапност на темата смрт и оние што доведуваат до висока светска одбрана, во три различни модерирани варијабилни парадигми.

Доказ за висока пристапност во отсуство на свест. Резултатите од овие студии покажуваат дека мислите за смртта доведуваат до дистална одбрана на менаџментот со терор кога таквите мисли се во состојба на длабоко активирање (Wegner & Smart, 1997), на работ на свеста, многу достапни, но надвор од сегашното фокусно внимание. Условите што доведуваат до високо ниво на пристапност до темата смрт, како што се доцнење и одвлекување на вниманието или потсвесни потсетници за смртта, се истите оние што произведуваат високо ниво на одбрана на светогледот. Иако е малку веројатно дека мислите поврзани со смртта се во фокусно внимание под овие услови, доказите разгледани до оваа точка не ја исклучуваат оваа можност; сепак, една

неодамнешна студија го направила токму тоа. Учесниците биле наведени да размислуваат за смрт или забна болка, биле замолени да го прочитаат истиот оттргнувачки пасус за читање што се користи во истражувањето на Гринберг и сор. (1994), од нив било побарано да запишат што и да помислат на ум во текот на следните 3 минути. Резултатите покажале дека смртта не е распространета во примероците на мисла за ниту една состојба, иако како и во претходните истражувања, достапноста на смртните мисли била зголемена во состојбата на свесност за смртноста. Така, условите под кои се засилува одбраната се оние во кои смртните мисли се достапни, но не се во фокусно внимание.

Доказ за активно сузбивање на свесната мисла поврзана со смртта. Функцијата на проксимална одбрана, насочена кон закани, е да ги истурка заканувачките мисли од свеста; еден од најчестите првични одговори на мислите за смртта е едноставното сузбивање на заканувачките мисли со фокус на одвлекувањето на вниманието. Ироничната теорија на процесот на Вегнер (1992, 1994 година) за такво сузбивање претставува два интерактивни процеси: оперативен процес кој бара одвлекување на вниманието за да ги истурка непожелните мисли од свеста и процес на следење што ја скенира свеста за знаци на неуспех на потиснувањето (т.е. содржини поврзани со мислата што треба да се поттисне). Бидејќи процесот на мониторинг се претпоставува дека функционира автоматски со мала потреба од когнитивни ресурси и се смета дека оперативниот процес е напорен и зависи од ресурсите, Вегнер (1992) претпоставил дека високите нивоа на когнитивно оптоварување ги поткопуваат напорите за сузбивање и на тој начин доведуваат до хиперактивност на поттиснатите мисли.

Арндт, Гринберг, Соломон, Пишински и Симон (1997) го тестирале ова размислување во низа студии во кои се проценувала достапноста на мислата поврзана со смртта и одбраната на светогледот по свесноста за смртноста под различни услови на когнитивно оптоварување. Поточно, од учесниците било побарано да вежбаат и да запомнат 11-цифрен број, а потоа биле замолени или да направат задача за завршување на стеблото за да ја проценат пристапноста до мислата за смртта или да прочитаат и оценат есеи кои изложуваат мислења против САД. Понатаму им било наложено да престанат со учењето на бројот во една од неколкуте точки во постапката, со што би се овозможило да се направи дистинкција на точката во која се ослободил когнитивниот товар. Со оглед на тоа што учесниците кои не биле под големо когнитивно оптоварување за време на проценката, покажале зголемени нивоа на пристапност на

темата смрт и одбрана на светоглед како одговор на свесноста за смртноста само по одложување и одвлекување на вниманието, оние под големо когнитивно оптоварување за време на проценката покажале високо ниво пристапност на темата смрт и одбрана на светогледот веднаш по индукцијата на свесност за смртноста. Овој резултат е во согласност со претходните сознанија дека сублиминалните стимули поврзани со смртта произведуваат моментално зголемување на дисталната одбрана.

Фактот дека високото когнитивно оптоварување доведува до непосредно зголемување на пристапноста на темата смрт и одбраната на светогледот укажува на тоа дека луѓето обично се обидуваат активно да ги потиснат ваквите мисли и дека таквата супресија е успешна во отсуство на силни барања за нивниот капацитет за обработка, обезбедувајќи дополнителни докази дека проксималната одбрана за сузбивање на мислите поврзани со смртта се јавува веднаш по освестувањето за смртноста. Кога таквите мисли се надвор од свеста, но се многу достапни, како во услови на големо когнитивно оптоварување, дисталните одбрани за менаџментот на терор се зголемуваат во интензитет.

Одбраната на светогледот ја намалува достапноста на мислите поврзани со смртта. Можеби најосновното прашање за динамиката на управување со терор е како протективната бариера за културна вознемиреност ја игра својата функција во менаџментот на терор. Откритието што ја зголемува достапноста на мислите поврзани со смртта ги стимулира зголемените напори за одржување на протективна бариера за културна вознемиреност и истото сугерира дека зголемувањето на јачината на протективната бариера за културна анксиозност може да ја намали достапноста на мислите поврзани со смртта. Арндт и сор. (1997), го тестирале овој предлог во експеримент во кој учесниците биле поттикнати да размислуваат или за смрт или за неутрална тема, биле изложени на есеи што го напаѓаат културниот поглед на светот, а потоа или им била дадена или не им била дадена можност да ги бранат своите светогледи со побивање на есеите и нивните автори. Потоа била проценета достапноста на мислите поврзани со смртта. Освестувањето за смртноста ја зголемило достапноста на мислите поврзани со смртта кај учесниците кои не добиле можност да ги бранат своите светогледи. Покрај тоа, како и во претходните студии, учесниците на кои им била дадена можност да ги бранат своите светогледи, ја искористиле оваа можност и го побивале антиамериканскиот автор и есеј. Што е најважно, за сегашните цели, учесниците на кои им била дадена можност да ги бранат своите погледи на светот не

успеале да покажат одложено зголемување на пристапноста на темата смрт, што било забележано кај учесниците на земјите членки, без можност за одбрана. Овие откритија сугерираат дека бранењето на нечиј културен светоглед како одговор на функциите на освестување за смртноста се намалува со зголемување на пристапноста на темата смрт што би се случило во отсуство на таква одбрана.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој дел од магистерскиот труд ќе се соочиме со резултатите од спроведените анкетни прашалници во врска со темата на истражување на овој труд „Поврзаност помеѓу освестувањето за смртноста и ставот кон самоубиството кај луѓе кои имаат над 20 години во Република Северна Македонија“.

Имено, Теоријата за менаџирање на терор (Greenberg, Solomon, & Pyszczynski, 1986) понудува можни увиди во тоа како индивидуите се справуваат со вообичаени одлуки, посебно во ситуации каде што индивидуите би размислувале за нивната смртност. Од гледна точка на оваа теорија, културата се дефинира како симболички перцептивен конструкт кој служи како суштинска одбранбената функција за минимизирање на анксиозноста поврзана со свесноста за смртта (Solomon, Greenberg & Pyszczynski, 2005).

Самоубиството претставува постапка на намерно предизвикување на сопствената смрт. Факторите, кои го предизвикуваат, најчесто вклучуваат душевни болести како што се: депресија, биполарно растројство, шизофренија, злоупотреба на супстанции, вклучувајќи алкохолизам и употреба на бензодиазепини. Оние кои претходно се обиделе да извршат самоубиство, се изложени на поголем ризик за идните обиди. Самоубиството резултирало со 828.000 смртни случаи на глобално ниво во 2015 година (зголемување од 712.000 смртни случаи во 1990 година). Според овие податоци, самоубиството е десетта водечка причина за смрт во светот (Hawton, van Heeringen, 2009).

Една студија ја тестирала хипотезата „освестувањето за смртноста ги интензивира разликите во половите во реакциите за сексуално и емоционално неверство“. Тие откриле дека сексот е поважен за самодовербата на мажите отколку за жените и да се биде во посветена врска е релативно поважно за жените отколку за

мажите. Затоа, кога се поврзува освестувањето за смртноста со полот, емоцијата и сексот, мажите веројатно страдаат од сексуално неверство, а жените со поголема веројатност страдаат од емоционално неверство. Резултатите од оваа студија покажале дека постои логистичка регресија која открива значителна тринасочна интеракција помеѓу полот, секусалната вредност и освестувањето за смртноста (Goldenberg, Landau, Pyszczynski, Cox, Greenberg, Solomon, Dunnam, 2003). Со освестувањето за смртноста, луѓето кои се соочиле со искуства близу смртта, развиваат поголемо чувство за себството и значењето на животот. Повеќето спроведени истражувања за теоријата за менаџирање со теророт се вртат околу парадигмата на освестување за смртноста. Откриено е дека религиозни лица, како и религиозни фундаменталисти, се помалку ранливи на манипулации при освестување за смртноста, верниците го бранат помалку својот културен светоглед за разлика од неверниците (Harmon-Jones, Simon, Greenberg, Pyszczynski, Solomon, McGregor, 1997). Студиите сугерираат дека многу фактори играат улога во придонесувањето на идејата за самоубиство. Нејгер и Хопкинс (1988) ги студирале некои од овие фактори. Написот сугерирал дека возрастите од 15 до 24 години имаат зголемена веројатност за самоубиство. Друг фактор што може да игра улога според нив е полот. Тие сугерираат дека жените се обидуваат да се самоубијат трипати повеќе отколку што се обидуваат машките. Сепак, мажите успеваат во нивните обиди двапати почесто од жените. Написот продолжува да сугерира дека црнците се обидуваат повеќе од другите раси и тоа дека белците успеваат почесто. Сепак, овие карактеристики не се секогаш присутни. Вреденбург, О'Брајан и Крамс (1988), преку нивните истражувања, исто така сугерирале дека социјалните и семејните проблеми може да доведат до идеја за самоубиство. Исто така, неколку истражувања откриле дека осаменоста и изолацијата играат голема улога во суицидалноста (Bonner & Rich, 1988; Diamont & Windholz, 1981; Hoglund & Collison, 1989; Ponzetti & Cate, 1988). Како и да е, ова се само неколку знаци и тие може, но и не мора да бидат присутни пред самоубиството. Секое невообичаено однесување може да биде знак за проблем кој што евентуално може да придонесе за обид за самоубиство или размислување за истото (Bonner & Rich, 1987). Така, оваа студија се спроведува за да се испитаат ставовите за самоубиство кај луѓе кои имаат над 20 години, а потоа да се испита нивната поврзаност со освестувањето за смртноста. Со цел овој магистерски труд и истражување да добие еден аналитички, едукативен и објективен карактер, беа спроведени две анкети – една за испитување на Ставовите за самоубиство според SOQ, и втората, покрај SOQ, дополнително вклучувајќи Прашалник за освестување за смртноста. Односно истите

беа составени од прашалници кои беа целосно анонимни, а се спроведоа на пригоден примерок од вкупно 46 (23+23) граѓани на Република Северна Македонија, кои имаа можност да се изјаснат во врска со поставените прашања. По спроведената анкета на пригодниот примерок на граѓани се изврши и анализа на добиените податоци, врз чија основа се донесоа повеќе суштински и многу релевантни заклучоци, кои етапно, прашање по прашање, метод по метод, ќе бидат разгледувани и анализирани во понатамошниот дел од овој труд.

Односно, оваа студија е релевантна за психологијата. Токму она што ме мотивираше за ова истражуваше беше фактот дека наодите од оваа студија имаат потенцијал да помогнат во потенцијален третман и развој на програма кога се бараат начини да се помогне при самоубиство, т.е. информациите се клучни за базата на знаење и практиката на еден иден психолог. Покрај тоа, оваа студија додава на базата на знаење што укажува на недостаток на информации и истражување во РСМ. Преку она што ме мотивираше доаѓаме и до моите очекувања. Одосно, имањето на ова знаење за ставовите и свесноста за самоубиство и поврзаноста со освестувањето за смртноста на луѓето над 20 години, потенцијално може да доведе до напори за превенција и тоа од училишни и универзитетски средини, до организации со седиште во заедницата. Моите очекувања натаму продолжуваат дека оваа студија исто така има потенцијал да помогне на полето на психологијата и други дисциплини во спроведувањето на услугите што би помогнале во намалување на стапките на самоубиство.

3.1. Проблем на истражувањето

Предмет на ова истражување е поврзаноста помеѓу освестувањето за смртноста и ставот кон самоубиството кај луѓе кои имаат над 20 години од Република Северна Македонија.

3.2. Цел на истражувањето

Целта на ова истражување беше двојна: (1) Да се види дали освестувањето за смртноста влијае врз ставот кон самоубиството кај луѓето и (2) да се испита врската меѓу полот, образованието, претходната изложеност на самоубиство и мислењата за

самоубиство. Женскиот пол и претходната изложеност на самоубиство беа претпоставени дека се однесуваат на поголемо прифаќање на ставовите за самоубиство.

Ова истражување се фокусира на испитување на ставовите во врска со самоубиството. Истото беше водено од прашањето: Кои се ставовите на луѓето постари од 20 години во врска со самоубиството, сè со цел да се осознае дали освестувањето за смртноста влијае врз ставот кон самоубиството, како и дали помладите студенти ќе искусат поголема нелагодност, пополнувајќи го проективниот тест.

Истражувањето, всушност, ги испита ставовите кон самоубиството врз основа на осумте клинички скали на прашалникот за мислење за самоубиство (и во двете студии), дополнително изложувајќи ги испитаниците во Студија 2 на прашања за освестување за смртноста.

3.3. Истражувачки хипотези

Хипотеза 1 - Освестувањето за смртноста влијае врз ставот кон самоубиство.

Хипотеза 2 – Присутна е статистички значајна разлика помеѓу ставот кон самоубиството и освестувањето за смртноста помеѓу машките и женските испитаници.

Потхипотези:

Потхипотеза 1 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е извешено поради ментална болест.

Потхипотеза 2 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е повик за помош и внимание.

Потхипотеза 3 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека луѓето имаат право да умрат (да си го одземат животот).

Потхипотеза 4 – Постои статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е поврзано со важноста на религијата за личноста.

Потхипотеза 5 – Присутна е статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е акт на импулсивност.

Потхипотеза 6 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е нормална појава.

Потхипотеза 7 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството всушност претставува вид на агресија.

Потхипотеза 8 – Постои статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е морално погрешно.

3.4. Дефинирање на варијаблите

Демографски карактеристики - пол, возраст, брачен статус и религиска припадност – независна, квалитативна варијабла;

Освестување на смртноста – независна, квалитативна варијабла;

Став кон самоубиство – зависна, квантитативна варијабла.

3.5. Методи и техники на научно истражување

За истражувањето беше искористен пригоден примерок. За целите на ова истражување, учесниците всушност беа граѓани на Република Северна Македонија, кои доброволно се пријавија да одговорат на прашањата. Единствен критериум беше испитаниците да се постари од 20 години.

Претходно испитаниците беа информирани за целта на истражувањето, за доброволната природа на нивното учество, анонимноста на зачуваните податоци и безбедноста. Учесниците добија информации за темата на магистерскиот труд и беа информирани дека прашалникот може да биде вознемирувачки за некои луѓе. На луѓето кои моментално страдаат од депресивно расположение или самоубиствени идеи им беше препорачано да не учествуваат. И во двете студии, учесниците ја дадоа својата информирана согласност и по дополнително потсетување за доверливоста, им беше даден анкетниот прашалник.

Учесниците ќе одговорат на едно прашање во врска со нелагодноста на прашањата поврзани со освестување на смртноста, на скала од 1 до 10.

Учесниците ќе одговараат на прашалникот за „Став кон самоубиство“, кој инаку се состои од 100 ајтеми (Domino et al., 1980), за да евалуира мислења и ставови кон самоубиството. За целта на оваа студија, само осумте клинички скали (64 ајтеми) ќе бидат искористени, скратувајќи ја должината на прашалникот.

За потребите на Студијата 2, меѓу учесниците во т.н. експериментална група или освестување за смртноста, употребив манипулација за да предизвикам мисли за нивната сопствена смртност со типичната MS, во која од учесниците се бараше да напишат што чувствуваат кога ќе помислат на својата смрт и што мислат дека ќе им се случи кога физички ќе умрат, дополнително давајќи им и сценарио: „Ако би умреле утре, од неочекувана смрт, како би ги одговориле следните прашања за вашиот погреб?“ со поставување серија од осум прашања.

3.6. Мерни инструменти

Скалите за проценка на ставовите кон самоубиството, што се користат во клинички услови и епидемиолошките студии, бараат соодветна валидност, сигурност и висока изводливост. Развиени се различни инструменти за мерење на ставовите кон самоубиството (Kodaka M. et all, 2010), но во нашето истражување ќе го користиме Прашалникот за мислење за самоубиство - Suicide Opinion Questionnaire – SOQ (Domino G. et all., 1980), кој воедно е и најшироко користен[1]. Прашалникот за мислење за самоубиство (Домино и сор., 1980) содржи 100 одговори на скала од пет точки – „потполно се согласувам“, „се согласувам, не сум сигурен/а“, „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“. Но, за целите на истражувањето, после дискусија со менторот, беа искористени само осумте клинички скали (64 ставки од вкупните 100[2]) за да се испита ставот кон самоубиство на младите студенти од прва година. Всушност, станува збор за осум клинички скали од првичниот Прашалник за самоубиствено мислење (SOQ), развиени од Домино и неговите колеги, а кои се нарекуваат SOQ-C. Наместо да ги користи оригиналните 100 прашања, SOQ-C користи 64 од оригиналните 100 прашања, со што се намалува должината на прашалникот. Осумте кличнички потскали на SOQ, вклучуваат: „Самоубиството ја рефлектира менталната болест“;

[1] Пребарувањето на PsycInfo и PubMed покажува дека SOQ останува најистражуван од трите скали со 29 извори споменати во насловот / апстрактот во однос на самоубиството во споредба со 13 извори кои го споменуваат ATTS и 11 извори кои го споменуваат SUIATT.

[2] во некои литератури се спомнува дека SOQ всушност е составен од 111 ставки.

„Заканите за самоубиство не се реални“ - т.е. „Повик за помош“; „Право да се умре“; „Важноста на религијата“; „Импулсивност“; „Самоубиството е нормално“; „Самоубиството ја одразува агресијата/гневот“; и, „Самоубиството е морално лошо“ (Domino et al., 2000; Domino, MacGregor & Hannah, 1988; Domino & Su, 1994). Табела 1 дава опис на осумте клинички скали.

Табела 1: Опис на осумте клинички скали на SOQ-C

Клинички скали	**Дефиниција**
1. Ментална болест	Самоубиството ги рефлектира менталните болести и луѓето кои се самоубиваат обично се ментално болни.
2. Повик за помош	Заканите за самоубиство претставуваат повик за помош, тие не се реални и ги сметаат самоубиствените акти како манипулативни по природа.
3. Право да се умре	Луѓето имаат право да си ги одземаат своите животи и ако некој сака да изврши самоубиство, тоа е негова работа и не треба да се мешаме.
4. Важноста на религијата	Недостатокот на религиозност игра улога во самоубиството и поголемата инциденца на самоубиство се должи на помалото влијание на религијата.
5. Импулсивност	Самоубиството и обидите за самоубиство се импулсивни дела и повеќето обиди за самоубиство имаат импулсивен карактер.
6. Нормалност	Секој е потенцијално способен за самоубиство и самоубиството е нормално однесување..
7. Агресија	Самоубиството е агресивно дело, а самоубиството е јасен доказ дека човекот има основа агресивна и деструктивна природа.
8. Морално лошо	Самоубиството е морално лошо дело, и воопшто самоубиството е злобно дело што не треба да се пофалува.

Извор: Domino et al., 2000; Domino, MacGregor & Hannah, 1988; Domino & Su, 1994.

3.7. Популација и мостра на истражувањето

Комплетниот примерок на истражувањето се состоеше од вкупно 46 (23+23) учесници поделени во две студии.

Во Студија 1 за ставовите кон самоубиство, учествуваа вкупно 23 испитаници, повеќето жени, речиси сите од христијанска религија, претежно со умерен интензитет на верување и повеќето не се во брак.

Табела 2: Карактеристики на испитаниците за Став кон самоубиство (n=23)

	КАРАКТЕРИСТИКИ	N	%
пол	мажи	9	39,1
	жени	14	60,9
возраст	20/22/28/32/49/50/52/53	1	4,3
	23	3	13,0
	25	2	8,7
	26	7	30,4
	27	3	13,0
религиска припадност	христијанска	15	65,2
	атеист или агностик	4	17,4
	друго	4	17,4
брачен статус	не сум во брак	16	69,6
	Во брак	7	30,4

Во Студија 1 за ставовите кон самоубиство, 60,9% (n = 14) беа жени и 39,1% (n = 9) беа мажи. Возраста се движеше од 20 до 53 години, при што претежно испитаниците, 78,3%, беа на возраст од 20 до 29 г. (n=18), додека останатите 5 беа постари од 30 години (21,7%). Повеќето учесници беа од христијанска религиска припадност (65,2%; n = 15), а остатокот (34,8%; n=8) го сочинуваа атеисти и учесници кои се изјаснале за друго, а припадници од муслиманска религија немаше воопшто. Интезитетот на нивните верувања се движи меѓу умерен (30,4%, n=7) и силен (26,1%, n=6), од што извлекуваме дека просекот на јачината на нивните верувања е умерена (mean=2,83: SD=1.337), иако иста процентуална застапеност имаше за многу силен и многу слаб интензитет на верувања (по 17,4%, n=4). Во поглед на брачниот статус повеќето се

изјаснија дека не се во брак (69,6%, n=16), додека само една третина од испитаниците се во брак (30,4; n=7). Табелата 2 дава информации за демографските карактеристики на испитаниците во споредба со родот.

Во Студијата 2 имаме речиси еднаква полова застапеност (односно со оглед дека имаме непарен број, 23, испитаници, едни мора да бидат повеќе), речиси сите од христијанска религија, претежно со умерен интензитет на верување и повеќето не се во брак. Односно, во Студија 2, од 23 учесници, 52,2% (n = 12) беа мажи и 47,8% (n =11) беа жени. Возраста се движеше од 19 до 56 години, при што повеќето, т.е. 82,6%, беа на возраст од 19 до 29 г. (n=19), додека останатите 4 беа постари од 30 години (17,4%). За нијанса повеќето учесници беа од христијанска религиска припадност (52,2%; n = 12), а остатокот, 47,8% (n=11) го сочинуваа атеисти/агностик и учесници кои се изјасниле за друго, а припадници од муслиманска религија немаше воопшто. Интезитетот на верувањата на 21 од испитаниците се движи меѓу умерен (39.1%, n=9) и слаб (21,7%, n=5), од што извлекуваме дека просекот на јачината на нивните верувања е умерена (mean=3,1; SD=1.091), иако иста процентуална застапеност имаше за многу силен и многу слаб интензитет на верувања, како и за „missing data“[3] (по 8.7%, n=2). Во поглед на брачниот статус, повеќето се изјаснија дека не се во брак (82,6%, n=19), додека само 4 од испитаниците се во брак (17,4; n=4). Табелата 3 дава информации за демографските карактеристики на испитаниците од студија 2.

Табела 3: Карактеристики на испитаниците за Освестување од смртност

	КАРАКТЕРИСТИКИ	N	%
пол	мажи	12	52,2
	жени	11	47,8

[3] Во студија 2 наидовме на т.н. missing data, односно вкупно 4 учесници (17,2%) не завршија барем 95,7% од целокупниот прашалник (Ставови за самоубиство со Освестување од смртност), а само 1 учесник не завршил барем 91,3% од прашањата за Освестување од смртноста (Mortality salience), односно кај 4 учесници има по само 1 неодговорено прашање, за разлика од едниот учесник (бр.16, од женски пол, на возраст од 51 година, христијанка која е во брак) која не одговорила на 2 прашања од прашалникот, што иако според параметрите не станува за рандом податок што недостастува, туку напротив за системски (според анализата во SPSS), за што ни потврдува и фактот дека истата личноста на прашање дали оваа анкета и предизвика нелагодност, одговорила токму со максиум интензитет, што на некој начин и го оправдува ваквиот исход на недговорено прашање особено во врска со својата смрт. Со оглед дека недостасуваат помалку од 10% од податоците во наведените случаи, истите не беа избришани.

возраст	19/20/24/27/34/35/51/56	1	4,3
	21	3	13,0
	22	2	8,7
	23	3	13,0
	25	5	21,7
	28	2	8,7
религска припадност	христијанска	12	52,2
	атеист или агностик	9	39,1
	друго	2	8,7
интензитет на верување	многу силен/слаб	2	8,7
	силен	3	13,0
	умерен	9	39,1
	слаб	5	21,7
	missing	2	8,7
брачен статус	не сум во брак	19	82,6
	во брак	4	17,4

3.8. Обработка и интерпретација на резултатите

Податоците од истражувањето беа рачно внесени, кодирани и статистички анализирани со користење на Статистички пакет за социјални науки, IBM SPSS Statistics (SPSS Inc., 1988).

Беа изведени фреквенции со цел да се утврди демографијата на популацијата на примерокот и средните одговори на 64-те прашања од Прашалникот за став кон самоубиство. Притоа, беа спроведени едноваријантни анализи за да се опише примерокот и како учесниците одговорија во однос на поставените прашања за ставовите за самоубиството. Искористени беа и Т-тестови за да се испитаат односите меѓу независните варијабли (демографските карактеристики) и осумте фактори во кои беа категоризирани 64-те ставки.

Исто така, при анализата на ставовите кон самоубиство, Пирсоновата корелација беше искористена за да се утврди врската помеѓу осумте клинички потскали на SOQ-C, како и за откривање на поврзаност на демографските карактеристики – пол и брачниот статус, вклучувајќи ја и изложеноста на самоубиство (познавањето личност што се самоубила) со средните вредности на потскалите. Односно, за споредување на средните вредности засновани според групата пол (бидејќи се две групи), спроведовме Т-тест на независна компонента (Independent Samples T-Test) и еднонасочна (one-way) ANOVA за групите религиска припадност (3+ групи). Нивото на значење на статистичката анализа беше поставено на $p < 0,05$.

Беа пресметани и бодови за секоја од осумте клинички скали на Прашалникот за мислење за самоубиство. За секоја скала, резултатите беа сумирани и се пресметуваше просечниот резултат. Пониските оценки рефлектираа посилна/ повисока согласност со одредена скала што е одговорена. На пример, ако прашањето е поставено дали самоубиството е резултат на ментална болест, пониската оценка ќе покаже дека испитаникот се согласува со тоа особено верување.

Во Студија 2, „Став кон самоубиство со освестување за смртноста“, ANOVA тестот го искористивме за да испитаме дали постои поврзаност меѓу демографските карактеристики (пол, возраст, религиска припадност) и Ставовите за самоубиство (потскалите на SOQ-C) со осумте прашања за освестување за смртноста (MS), што особено ни е од интерес не само за оваа студија, туку и воопшто за хипотезите претходно поставени во методолошката рамка на магистерскиот труд. А Пирсоновата корелација беше користена за да извлечеме бројни заклучоци за значајните поврзаности на оделните групи демографски карактеристики и прашањата за SOQ и за MS. Податоците беа презентирани со употреба на табели и графикони.

3.8.1. Очекувања од истражувањето

Моите очекувања се дека ќе ги исполнам целите на истражувањето, односно дека ќе докажам дека освестувањето за смртноста влијае врз ставовите за самоубиство, и со добиените резултати ќе придонесам за понатамошна превенција од самоубиство. Покрај тоа, очекувам да извлечам одредена поврзаност на демографските карактеристики со мислењата за самоубиство, со оглед дека се работи за помлада

популација на примерок за нивната осетливост на ставовите за самоубиство, особено кога се изложени на влијанието за мислите за сопствената смртност.

3.8.2. Прифатливост на одговорите

Пред да почнеме со сеопфатна анализа на собраните податоци, би сакала да ја потенцирам искреноста на испитаниците и прифатливоста на нивните одговори. [M1=1.3043, M2=1.00; mode-1(потполно искрени)]. Односно, во поглед на прашањето за искреноста, во Студија 1 на Прашалникот, 69,6% (n=16) одговорија да ги прифатиме одговорите како потполно искрени, додека речиси една третина, 30,4% одговорија исто така потврдно во прифаќањето на одговорите, но истото да го сториме со резерва. Истото прашање беше оправдано со оглед на тоа што при одговарање на прашалник како овој, постојат многу причини зошто некои луѓе можеби не се во можност или не сакаат да бидат искрени. За успешноста на истражувањето говори и фактот дека никој од учесниците не изјави дека неговите одговори треба да се отфрлат, било најверојатно, било со сигурност.

Во Студија 2, сите испитаници одговорија да ги прифатиме одговорите на Прашалникот како потполно искрени.

4. ДЕСКРИПТИВНА СТАТИСТИКА

4.1. Изложеност на самоубиство

Изложеноста на самоубиство во рамките на репрезентативниот примерок беше оценета преку дихотомното (да или не) прашање: „Дали лично познавате некој којшто извршил самоубиство?“. Афирмативниот одговор на оваа ставка резултираше со карактеризирање како претходна изложеност на самоубиство. Притоа, испитаниците кои одговорија со „да“, продолжија на следното прашање за одредување на поврзаноста со личноста којашто се самоубила т.е. „Ако одговоривте да на претходното прашање, дали личноста беше...“.

Табела 4: Поврзаност со личноста што се самоубила во Студија 1

	N	Percent	Percent of Cases
Роднина	4	15.4%	17.4%
БлизокПријател	4	15.4%	17.4%
Познаник	6	23.1%	26.1%
Испитаникот не познава личност што се самоубила/ никое од понуденото	12	46.2%	52.2%

Имено, само за нијанса повеќе од половината испитаници, 52,2% (n=12, од кои 9 биле жени) познавале некој којшто се самоубил, а таа личност најчесто била познаник, 24% (n=6), додека по 4 од учесниците познавале роднина или близок пријател коишто се самоубиле. Всушност, еден од испитаниците т.е. испитаник од женски пол на возраст од 23 години, не само што познавала личност што се самоубила, туку и опфати дури 3 категории, односно, познавала личности што се самоубиле, а биле нејзина роднина, близок пријател, како и познаник. Останатите 11 случаи познаваат само по една категорија на личност што се самоубила, односно ист е бројот на оние кои познавале само една или ниедна личност што се самоубила.

Табела 5: Поврзаност со личноста што се самоубила во Студија 2

		Responses N	Responses Percent	Percent of Cases
поврзаност со самоубиената личност[a]	ЧленОдСемејството	1	4.0%	4.3%
	БлизокПријател	4	16.0%	17.4%
	Познаник	12	48.0%	52.2%
	Испитаникот не познава личност што се самоубила/ никое од понуденото	8	32.0%	34.8%
Total		25	100.0%	108.7%

Percent е всушност застапеноста на секоја категорија личност меѓу 23 испитаници, а *percent of cases* ни покажува застапеност во случаите (притоа имаме и испитаници кои одбрале две категории и затоа има разлика со претходните проценти).

Во Студија 2 повеќе од половина од анкетираните, т.е. 65,2% (n=15, од кои 9 биле жени) познавале некој којшто се самоубил, а таа личност најчесто била познаник (n=12, машки=женски=6), додека 4 од учесниците познавале близок пријател којшто се

самоубил, а 1 испитаник (од женски пол, на 25 г.), дури и член од семејството. Всушност, двајца од испитаниците, т.е. испитаници од женски пол на возраст од 21 и 24 години, не само што познавале личност којашто се самоубила, туку и опфатија дури 2 категории, односно, познавале личности што се самоубиле, а биле нивни блиски пријатели, како и познаници.

4.2. Анализа на средни резултати на потскалите на SOQ-C

Средните резултати за секоја скала се пресметани така што пониската вредност на просечната оценка укажува на повисоко ниво на согласност со тој став кон самоубиството.[4]

Табела 6: Средни резултати на потскалите на SOQ, според „mean“ и „median“ во Студија 1

	„Ментална болест“	„Повик за помош“	„Право да се умре“	„Важност на религија	„Импул-сивност	„Нормал-ност“	„Агреси-вност“	Морално лошо“
Mean	2.7291	2.8587	3.6196	3.0559	2.8261	3.5528	2.9348	3.3587
Median	2.8462	2.9167	3.6250	3.2857	2.8571	3.5714	2.8333	3.2500
Std.Dev.	.50597	.32121	.68203	.79158	.40396	.75138	.44591	.83878

[4] Во нашиот случај просечниот одговор на потскалите е направен според техниката *mean,* иако во некои литератури и извори се спомнува дека кога станува за Ликертовата скала, со оглед дека нејзините вредности се редни (ordinal), посигурен начин да се пронајде колкав е „просечниот“ или „типичниот“ одговор на под-скалите е со користење merdian, наместо mean,. Имено, „ merdian“ е вид на просечна вредност, како и „mean“, со таа разлика што го покажува бројот што е точно во средината на податоците, т.е. на исто растојание од највисоката и најниската вредност во базата на податоци Види повеќе: https://achilleaskostoulas.com/2013/02/13/on-likert-scales-ordinal-data-and-mean-values/. Во таа насока, за да „потфрлиме“ во истражувањето, во Табелата подолу дадени се вредности на просекот и според „mean“ и според „merdian“, но бидејќи немаше значителни разлики во нивните вредности, го задржавме т.н. класичен метод на пресметување просек, mean (график1).

Скала 3 „Право да се умре“ (M = 3,62, SD = 0,68) и Скала 6 „Самоубиството е нормално“ (M = 3,57, SD = 0,75), како најконзистентни (поточно умерено конзистентни, но со највисока конзистентност од останатите) и, според тоа, посигурни скали, обезбедија највисока оценка за несогласност, што укажува на тоа дека испитаниците имаат тенденција да не се согласуваат со ставките (според нашиот пристап на толкување, колку повисока оценка, толку повеќе испитаниците не се согласуваат). Ова значи дека испитаниците кои учествувале во истражувањето не сметаат дека луѓето имаат право да умрат, ниту пак дека самоубиството е нормален акт. Две други скали кои немаат внатрешна конзистентност: Скала 8 „Морално лошо“ и Скалата 4 „Религија“, добија нешто пониски просечни оценки кај учесниците (M = 3.35, SD = 0,83 и M = 3,05, SD = 0,079 соодветно). Но, и покрај тоа, ваквите средни вредности (не се сигурни) не „им помагаат“ на испитаниците во нивната сигурност. Останатите скали што ја проценуваат согласноста за „Самоубиство е знак на ментална болест“ (Скала 1), „Повик за помош“ (Скала 2), „Импулсивност“ (Скала 5) и „Агресија“ (Скала 7) постигнаа во опсег од M=2,72 (SD=0,50) до M=2,93 (SD=0,44). Ваквите добиени средни вредности, било според „mean“ или „median“, пак, покажуваат дека нашите испитаници при одговорањето на Прашањата за ставовите за самоубиство претежно не се сигурни.



Во студија 2, за секој случај направивме споредба на добиените резултати на средна вредност на потскалите и со двата пристапи – mode/median[5] и што е најбитно, резултатите не се разликуваа, но анализата беше многу поедноставна и попрегледна со median.

Табела 7: Средни вредности на потскалите како median за Студија 2

	МенталнаБолестМед	КрикЗаПомошМед	ПравоДаСеУмреМед	РелигијаМед	Импулсивност	НормалностМед	АгресивностМед	МоралноЛошоМед
Mean	2.6087	2.6087	3.4565	3.1739	2.8261	3.2174	2.8913	3.2391
Median	3.0000	3.0000	3.5000	3.0000	3.0000	3.0000	3.0000	3.0000
Mode	3.00	3.00	3.00	2.00[a]	3.00	4.00	2.00	3.00
Std. Deviation	.72232	.65638	1.02151	1.23038	.65033	1.20441	.76806	1.27805

a. Multiple modes exist. The smallest value is shown

Табела 8: Средни вредности на Потскалите како mean за Студија 2

	МенталнаБолестMean	КрикЗаПомошMean	ПравоДаСеУмреMean	РелигијаMean	ИмпулсивностMean	НормалностMean	АгресивностMean	МоралноЛошоMean
Mean	2.7425	2.7065	3.4728	3.0932	2.8137	3.1366	2.7971	3.2935
Median	2.8462	2.8333	3.3750	3.1429	2.8571	3.1429	2.8333	3.2500
Mode	2.69[a]	2.83	3.25	4.14	2.86	3.14	2.33	2.75[a]
Std. Deviation	.48794	.36313	.62948	.90311	.34575	.65956	.60502	.89077

a. Multiple modes exist. The smallest value is shown

Имено, во студија 2, највисока оценка за несогласност обезбеди Скала 6 „Самоубиството е нормално“, што укажува на тоа дека испитаниците имаат тенденција да не се согласуваат со ставките (според нашиот пристап на толкување, колку повисока оценка, толку повеќе испитаниците не се согласуваат). Ова значи дека испитаниците кои учествувале во истражувањето не сметаат дека луѓето имаат право да умрат, ниту пак дека самоубиството е нормален акт. Исто така, меѓу највисоките оценки за

[5] Во Студијата 2, за разлика од Студија 1, просечниот одговор на потскалите е направен според техниката median, во согласност со литературите и изворите каде се спомнува дека кога станува за Ликертовата скала, со оглед дека нејзините вредности се редни (ordinal), посигурен начин да се пронајде колкав е „просечниот“ или „типичниот“ одговор на потскалите е со користење merdian, наместо mean. Имено, „merdian“ е вид на просечна вредност, како и „mean“, со таа разлика што го покажува бројот што е точно во средината на податоците, т.е. на исто растојание од највисоката и најниската вредност во базата на податоци Види повеќе: https://achilleaskostoulas.com/2013/02/13/on-likert-scales-ordinal-data-and-mean-values/.

несогласување би ја зеле и Скалата 3 „Право да се умре“, затоа што иако како муд е 3 – „не сум сигурен“, според анализа на фреквенцијата одделно увидовме дека всушност дека не се сигурни одговориле 7 испитаници, а со „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“ одговориле по 6, што заедно сметано кога се анализира одредена согласност или несогласност, всушност имаме 12 испитаници, што претставува и мнозинство, од што следи дека испитаниците сепак не сметаат дека луѓето имаат право да умрат.

Ако ги анализираме потскалите според средните вредности, било mean\median како модел на проценка, за сите останати скали добивме вредности кои говорат за несигурноста на испитаниците при одговарања на ставовите за самоубиството, а кои се однесуваат не рефлексија на ментална болест, крик за помош, важноста на религијата, самоубиството е акт на агресивност/ импулстивност или морално лошо. Ваквиот вид на анализа ни покажува дека испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови, и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт.

4.3. Асоцијации помеѓу демографските карактеристики и SOQ резултати

За да се споредат групите испитаници за исполнување на втората цел од нашето истражување, користен е Т-тест за независни примероци (Independent Samples T-Test) за половите групи (бидејќи се две групи) и еднонасочна (one-way) ANOVA за групите религиска припадност (3+ групи).

4.4. Асоцијација на групите по пол со скалите на SOQ-C во студија 1

Во поглед на демографските карактеристики, полот на испитаниците кога се доведува во корелација со резултатите од потскалите на SOQ, според Пирсоновата корелација не покажа значајна поврзаност со ниту една од скалите, односно за споредување на средните вредности засновани според групата пол, спроведовме Т-тест на независна компонента. Притоа, нултата хипотеза за независниот примерок на Т-тестот е дека средните вредности на двете групи според пол (машки и женски) за секоја од потскалите се еднакви. Она што нас нè интересира е Левертовиот тест за еднаквост,

односно вредностите за F и p, како и вредностите на t и p, така што p>0,05 за да немаме значајни разлики. Односно, ако средните вредности за двата пола се навистина еднакви, тогаш средните вредности за примероците веројатно ќе се разликуваат малку, но не премногу. И во нашиот Т-тест, тоа беше така. На пример, при споредување на средните вредности на Скала 1 (Ментална болест) засновани на пол, за мажи имавме (M=2,88; SD=049), а за жени (M=2,63; SD=0,51), што ни покажува дека примероците се разликуваат малку, но не премногу, но не постои значајна разлика меѓу средните вредности врз основа на полот (p=0,26).

Табела 9: Т-тест на независна компонента – пол и скали на SOQ во Студија 1

Т-тест за пол и SOQ	F	t	p
Ментална болест	0.032	1.159	0.260
Повик за помош	1.543	1.772	0.091
Право да се умре	2.775	-2.974	0.007
Религија	1.693	0.723	0.478
Имулсивност	0.994	0.741	0.467
Нормалност	0.423	-1.772	0.091
Агресивност	1.525	0.081	0.936
Морално лошо	3.029	1.031	0.314

Всушност, со помош на Т-тестот, при споредување на средните вредности засновани на пол, вредностите на p за секоја од потскалите (не само за Скала 1 во нашиот пример), во споредба со полот е поголема од 0.005 (види Табела 9). Но, на пример, вредноста на Т-тестот за Скалата 1 (Ментална болест) во споредба со полот е t(0,032) =1,159, p=0,26, што значи бидејќи p>0,05, истата не покажува значителна поврзаност со полот.

Односно, резултатите од просечните оценки за секоја од осумте клинички скали SOQ не покажаа статистички значајна поврзаност помеѓу резултатите од машки и женски испитаници (сите p>0,05), дури ни меѓу резултатите од возраст, помеѓу брачниот статус, ниту пак помеѓу испитаниците кои познавале или не познавале некој

којшто се самоубил, што ги испитавме факултативно, кога се споредуваат со резултатите од потскалите на SOQ со Пирсоновата корелација (Табела 7). Значителни разлики не се пронајдени ни со спроведените Т-тестови за споредба на средните вредности на потскалите засновани на сите овие демографски карактеристики, вклучувајќи ја и изложеноста на самоубиство.

Табела 10: Пирсонова корелација меѓу демографски варијабли и SOQ за Студија 1

ПИРС. КОРЕЛА.	Пол	Возраст	Рел иг. припадност	Брачен статус	познавање самоубиствена	ментална болест	Повик за помош	Право да се умре	Религија	Имулсивност	Нормалност	Агресивност
ментална болест	-0,245	-0,281	0,509	-0,211	-0,085							
Повик за помош	-0,361	-0,038	0,093	0,047	0,338	0,096						
Право да се умре	0,544	-0,215	-0,174	-0,119	-0,025	-0.362	-0,304					

Религија	-0,156	-0,361	0,531	-0,292	-0,172	0,510	-0,091	-0,246				
Имулсивност	-0,160	-0,136	-0,145	-0,290	0,421	-0,050	-0,198	-0,124	0,220			
Нормалност	0,361	-0,034	-0,285	-0,002	-0,060	-0,337	-0,005	0,649	-0,304	-0,057		
Агресивност	-0,018	-0,430	0,282	-0,226	0,276	0,380	0,277	-0,023	0,419	0,205	0.229	
Морално лошо	-0,220	-0,433	0,651	-0,26	0,483	0,567	0,235	0,212	0,636	0,255	-0.275	0.688

4.5. Асоцијација на групите религиска припадност и SOQ за студија 1

Резултатите од тестот ANOVA покажаа статистички значајна разлика (вредност на p помала од 0.05) помеѓу групите на религиска припадност и тоа за Скалата 4 „Важноста на религијата“ ($F(2,20)=5,915$, $p=0,10$), каде што според пост-хок тестовите на Tukey, просечната оценка за испитаниците кои припаѓаат на христијанската религија ($M=2,72$, $SD=0,74$) е значително помала од оние на групата атеист или агностик ($M=3,89$, $SD=0,35$), односно вредноста за $p=0,10$ е помалку од стандардното, 0.05 алфа ниво. Исто така, значителна разлика се покажа и за Скалата 8 „Морално лошо“ ($F(2,20)=11,224$, $p<0,001$), каде што според пост-хок тестовите на Tukey, просечната оценка за испитаниците кои припаѓаат на христијанската религија ($M=2,93$, $SD=0,60$) е значително помала од оние на групата атеист или агностик ($M=4.37$, $SD=0,43$) и оние изјаснети за друго ($M=3,93$, $SD=0,71$) во опцијата религија (соодветно $p=0,001$ и $p=0,20$).

4.6. Асоцијација на демографските карактеристики и SOQ со MS – студија 2

Со Т-тестовите и ANOVA тестот не наидовме на некаква значајна поврзаност меѓу демографските карактеристики (пол, возраст, религиска припадност) и ставовите

за самоубиство (потскалите на SOQ-C) со осумте прашања за освестување за смртноста (MS), што особено ни е од интерес не само за оваа студија, туку и воопшто за хипотезите претходно поставени во методолошката рамка на магистерскиот труд.

Имено, табелата подолу ни ја покажува Пирсоновата корелација токму на овие групи и прашања (за p>0.01 и p>0.05). Од неа можеме да извлечеме бројни заклучоци за значајните поврзаности на одделните групи демографски карактеристики и прашањата за SOQ и MS.

Така, во Студија 2 возраста како демографска карактеристика на испитаниците покажа значајна поврзаност со познавањето личност што се самоубила, како и со одговорот на прашањето од MS – дека е сеедно што ќе биде напишано на надгробната плоча во измисленото сценарио. Религиската припадост, пак, покажа поврзаност со прашањето од MS – „Каде да седи вашата мајка?“, кое прашање пак, покажа меѓусебна корелација со прашањето од MS – за бојата на ковчегот. Познавањето некој којшто се самоубил, покрај поврзаност со возраста, изрази значајна поврзаност и со потскалата на SOQ „Самоубиството е рефлексија на ментална болест“, а од прашањата за MS за желбата за кремирање или не. Понатаму, и оваа Скала 1 „Менталната болест е поврзана со кремирањето“, како и со тоа дали испитаникот да биде формално или обично облечен (при сценариото на умирање и смрт), како и со интензитетот на нелагодност при одговарањето на прашалникот. Интензитетот на нелагодност исто така е значајно поврзан и со скалата „Нормалност“, која пак е поврзана со прашањето „Кои би сакале да бидат носители на ковчегот?“ и „Дали сакате формално или обично да бидете облечени?“ од прашањата за освестување за смртноста. Важноста на религијата, како една од потскалите на SOQ, според Пирсоновата корелација покажа поврзаност со скалите „Самоубиството е морално лошо“ и „Импулсивност“. Скалата „Морално лошо“ пак е во корелација со одговорот на прашањето за епитаф на надробна плоча - име и презиме и датум на раѓање и умирање. И финално, но не и најмалку битно, скалите „Крик за помош“ и „Агресија“ покажа меѓусебна поврзаност.

Табела 11: Пирсонова корелација за демографските карактеристики и SOQ и MS

Пирсонова корелација	Возраст	Религиска припадост	Како в ковчег	Носители на ковчег	Формално облечени	ментална болест	Повик за помош	Право да се умре	Религија
Каде седи мајката		-0,443							
Кремирање								0,527	
Интензитет на нелагодност		-0,424				0,459			
Ментална болест	0,441			-0,429					
Повик за помош	0,553								
Имулсивност									0,472
Нормалност					-0,490				
Агресија			-0,420				0,498		
Морално лошо	-0,528								0,557

4.7. Проверка на хипотезите

Со Т-тестовите и ANOVA тестот не наидовме на некаква значајна поврзаност меѓу демографските карактеристики (пол, возраст, религиска припадност) и ставовите за самоубиство (потскалите на SOQ-C) со освестувањето за смртноста (MS), што особено ни беше од интерес за хипотезите претходно поставени во методолошката рамка на магистерскиот труд. Но, за разлика од нив, благодарение на Пирсоновата корелација, токму меѓу овие групи и прашања можевме да извлечеме бројни заклучоци за значајните поврзаности помеѓу демографски карактеристики, прашањата за SOQ и за MS.

X1 - Освестувањето за смртноста влијае врз ставот кон самоубиството.

Можеби во нашата студија не се јави очекуваниот исход (според ANOVA тестот), резултатите од просечните оценки за секое прашање од освестувањето на смртноста не покажа статистички значајна разлика помеѓу резултатите од осумте клинички скали SOQ (сите p> 0,05), освен Потскалата 8 „Самоубиството е морално лошо“ (Табела 12), која покажа статистички значителна разлика на прашањето „Дали сакате да биде креминирани?“, ($F(4.33)=7.545$, $p<0,001$.), но сепак може да се каже дека

индукцијата на осетливост за смртноста преку одговорањето на прашања за освестување за својата смртност, на некој начин предизвика испитаниците да прибегнуваат кон помалку одредени одговори (одбирајќи „не сум сигурен“, наместо искажувајќи согласност или несогласност, или пак избирајќи делумна согласност/несогласност наспроти потполна). Со други зборови, ја потврдивме едната главна хипотеза на истражувањето, иако можеби не толку во очекуваниот правец, или пак интензитет.

Табела 12: ANOVA тестот за споредба на ефектот на MS врз SOQ

SOQ	MS	Df.	F-stat.	Sig.
Самоубиството е морално лошо	„Дали сакате да бидете кремирани“	4.33	7.545	<0,001

X2 – Присутна е статистички значајна разлика помеѓу ставот кон самоубиство и освестувањето за смртноста помеѓу машките и женските испитаници.

Табела 13: T-тест за независна варијабла – пол и подскалите на SOQ во Студија 2

за пол и SOQ	F	t	p
Ментална болест	0.565	-0.172	0.865
Повик за помош	2.183	-0.189	0.852
Право да се умре	1.345	-0.115	0.909
Религија	1.309	-1.418	0.171
Имулсивност	0.422	0.055	0.957
Нормалност	0.223	-0.549	0.589
Агресивност	0,0	0.983	0.130
Морално лошо	0.019	-0.369	0.716

Табела 14: Т-тест за независна варијабла – пол и освестување за смртноста

Т-тест за пол и MS	F	t	p
Боја на ковчег	7,884	-0,931	0,362
Носители на ковчег	0,239	0,163	0,872
Каде да седи мајката	0,975	-0,585	-0,565
Луѓето да носат одредени бои	0,348	-0,511	0,614
Која боја облека	0,169	0,407	0,688
Желба за кремирање	0,013	0,337	0,739
Надгробна плоча – име и датуми	7,974	-1,454	0,161
Надгробна плоча само име и презиме	1,430	0,594	0,559
Надгробна плоча убави мисли и опис	2,713	-0,802	0,432
Надгробна плоча сеедно	12,554	-1,417	0,171
Надгробна плоча др.	2,170	-0,677	0,506

И покрај очекуваниот исход кој би ја потврдил втората главна хипотеза, сепак, анализата на истражувањето не го стори истото, особено и покрај напорите да се изнајде корелација меѓу ставот кон самоубиството и освестувањето за смртноста помеѓу машките и женските испитаници на сите можни начини и тестови. Ни Т-тестот, ни ANOVA тестот, ни пак Пиросновата корелација не покажа никаква значајна статистичка разлика помеѓу полот и SOQ и MS.

Всушност, со помош на Т-тестот, при споредување на средните вредности засновани на пол (Табела 13), вредностите на p за секоја од потскалите (не само за Скала 1 во нашиот пример) и за секое од прашањето за освестување за смртноста во полот, е t(0,422) =0,055, p=0,96, што значи бидејќи p>0,05, истата не покажува значителна поврзаност со полот. Или, на пример, вредноста на Т-тестот за MS прашањето „Каде би сакале да седи вашата мајка?“ (Табела 14), во споредба со полот, е t(0.975)=-0.585, p=0.57, што значи повторно бидејќи p>0,05, тоа не покажува значителна поврзаност со машката и женската популација.

Потхипотеза 1 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е извршено поради ментална болест.

Табела 15: Пирсонова корелација за SOQ со MS

Пирсонова Корелација за SOQ со MS	Каков ковчег	Носители на ковчег	Формално /обично облечени	Ментална болест	Повик за помош	Право да се умре	Важност на Религија
Кремирање				-0,407		0,527	
Ментална болест		-0,429					
Имулсивност							0,472
Нормалност		-0,469	-0,490				
Агресивност	-0,420				0,498		
Морално лошо							0,557

Оваа потхипотеза 1 можеме да ја потврдиме со помош на Пирсоновата корелација (за p>0,01 и p>0,05), со која дојдовме до заклучок дека „Самоубиството е извршено поради ментална болест“ е подложно на влијанието, и тоа во негативна корелација на прашањето „Дали сакате или не да бидете кремирани?“ (p=-0,407), како и со тоа дали испитаникот би сакал да биде формално или обично облечен (p=-0,429), при сценариото на умирање и смрт, како дел од прашањата за освестување за смртноста (Табела 15).

Додека пак, нејзиното потврдување не можеме да го добиеме со никој друг статистички метод, дури ни со споредба на средните вредности на потскалите во Студија 1 и во Студија 2, во која имаше манипулација со MS. Ваквиот вид на анализа ни покажува дека испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови дека самоубиството е извршено поради ментална болест (mean1=2,73; mean2=2,74 и med1=med2=2,85), при што и двете групи испитаници се несигурни mood=2,89 (табели 6 и 8), и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт.

Табела 16: Средни резултати на потскалите како „mean“ од Студија 1

	„Ментална болест“	„Повик за помош“	„Право да се умре“	„Важност на религија	„Импул-сивност	„Нормал-ност“	„Агреси-вност“	Морално лошо“
Mean	2.7291	2.8587	3.6196	3.0559	2.8261	3.5528	2.9348	3.3587
Median	2.8462	2.9167	3.6250	3.2857	2.8571	3.5714	2.8333	3.2500
Std.Dev.	.50597	.32121	.68203	.79158	.40396	.75138	.44591	.83878

Табела 17: Средни вредности на потскалите како mean од Студија 2

	МенталнаБолестMean	КрикЗаПомошMean	ПравоДаСеУмреMean	РелигијаMean	ИмпулсивностMean	НормалностMean	АгресивностMean	МоралноЛошоMean
Mean	2.7425	2.7065	3.4728	3.0932	2.8137	3.1366	2.7971	3.2935
Median	2.8462	2.8333	3.3750	3.1429	2.8571	3.1429	2.8333	3.2500
Mode	2.69[a]	2.83	3.25	4.14	2.86	3.14	2.33	2.75[a]
Std. Deviation	.48794	.36313	.62948	.90311	.34575	.65956	.60502	.89077

a. Multiple modes exist. The smallest value is shown

Потхипотеза 2 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е повик за помош и внимание.

Оваа хипотеза не е потврдена, затоа што ставовите дека самоубиството е повик за помош и внимание беа исти и кај контролната група (студија 1 без MS) и кај експерименталната група (студија 2 со MS).

Односно, ако ги анализираме потскалите според средните вредности, било mean\median како модел на проценка, за сите останати скали добивме вредности кои говорат за несигурноста на испитаниците при одговарање на ставовите за самоубиството, а кои се однесуваат конретно на потскалата „Крик за помош“. Ваквиот вид на анализа ни покажува дека испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови дека самоубиството е повик за помош (mean1=2,86; mean2=2,71 и med1=2,92; med2=2,83), и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Но ако подетално ги анализираме одоговорите, и тоа од аспект дека „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“ одразуваат несогласност, а „потполно се согласувам“ и „делумно се согласувам“ одразуваат согласност, тогаш добиваме резултат дека дефинитивно испитаниците не се сигурни дали самоубиството е крик за помош (mood=3).

Ставовите дека самоубиството е повик за помош и внимание се единствено во корелација со ставовите дека самоубиството ја одразува агресијата кај испитаниците кои беа подложни на MS (според Пирсоновата корелација, p=0.498) (види Табела 15 горе).

Потхипотеза 3 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека луѓето имаат право да умрат (да си го одземат животот).

Ни оваа хипотеза не е потврдена и тоа со ниту еден статистички метод, затоа што воопшто ставот дека луѓето имаат право да умрат не покажа никаква поврзаност со ниту една група на корелација и последична зависност.

Според резултатите од анализата на средните вредности на скалите SOQ, пак, можеме да извлечеме заклучок дека испитаниците имале поголема тенденција да не сметаат дека луѓето имаат право да умрат (M1 = 3,62, SD1 = 0,68 - Табела 6) и (M2= 3,47, SD1 = 0,63 - Табела 8), односно испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови (mood=4, не се согласувам), и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Од друга страна, можеби сепак освестување за смртноста влијаеше испитаниците од Студија 2 да имаат помала средна вредност за скалата „Право да се умре“, M1 = 3,62 и M2=3,47, што веќе беа на граница нивниот став да се вреднува меѓу несигурен и не се согласувам.

Потхипотеза 4 – Постои статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е поврзано со важноста на религијата за личноста.

И оваа потхипотеза не успеавме да ја потврдиме. Наместо очекувана корелација, „Важноста на религијата“, како една од потскалите на SOQ, според Пирсоновата корелација (Табела 15) покажа значајна поврзаност (p>0,01 и p>0,05) само со скалите „Импулсивност“ и „Самоубиството е морално лошо“ (p2=0,472; и p2=0,557 соодветно).

Потхипотеза 5 – Присутна е статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е акт на импулсивност.

Истото важи и за оваа потхипотеза која не се потврди. Односно, со Пирсоновата корелација (p > 0,05) не е пронајдена значајна корелација на потскалата „Импулсивност“ дури ни со никоја од останатите скали на SOQ во Студија 1 (види

Табела 16), а според p > 0,01, само со „Важноста на религијата“ во Студија 2, (p2=0,472, види Табела 15).

Табела 18: Пирсонова корелација меѓу 8 потскали на SOQ во Студија 1

Пирсонова корелација	ментална болест	Повик за помош	Право да се умре	Религија	Имулсивност	Нормалност	Агресивност
Повик за помош	0,096						
Право да се умре	-0.362	-0,304					
Религија	0,510	-0,091	-0,246				
Имулсивност	-0,050	-0,198	-0,124	0,220			
Нормалност	-0,337	-0,005	0,649	-0,304	-0,057		
Агресивност	0,380	0,277	-0,023	0,419	0,205	0.229	
Морално лошо	0,567	0,235	0,212	0,636	0,255	-0.275	0.688

Потхипотеза 6 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството е нормална појава.

Потхипотезата 6 е делумно потврдена (но не со очекуваниот ANOVA тест), односно според Пирсоновата корелација (за p>0.01 и p>0.05), врз ставот дека самоубиството е нормала појава имаа влијание само 2 од прашањата за освестување за смртноста и тоа во негативна корелација – (1) „Кои луѓе би сакале да бидат носители на вашиот ковчег?“ (p2=-0.469) и (2) „Дали би сакале да бидете формално или обично облечени?“ (p2=-0.490) (види Табела 15).

Потхипотеза 7 – Освестувањето за смртноста влијае врз ставот дека самоубиството всушност претставува вид на агресија.

И оваа потхипотеза не успеавме да ја потврдиме во целост, особено не со очекуваниот статистички метод - ANOVA тест. Моравме да прибегнеме кон користење на Пирсоновата корелација (за p>0.01 и p>0.05) за да докажеме барем евентуална

поврзаност и влијание меѓу освестувањето за смртноста и одделните ставови за самоубиството. Односно, ставот дека самоубиството всушност претставува вид на агресија покажа меѓусебна негативна корелација само со прашањето „Каква боја на ковчег би сакале?“ (p=-0,420) од освестувањето на смртноста (Табела 15).

Потхипотеза 8 – Постои статистички значајна корелација помеѓу освестувањето за смртноста и ставот дека самоубиството е морално погрешно.

Во однос на оваа потихипотеза имавме обратен случај – значајна корелација не успеавме да изнајдеме со очекуваната Пирсонова корелација. Додека пак, според ANOVA-тестот, потскалата 8 „Самоубиството е морално лошо“ (останатите имаа p> 0,05) единствено покажа статистички значителна разлика на прашањето „Дали сакате да биде кремирани?“, ((F (4.33)=7.545, p<0,001.) од прашањата за освестување за смртноста. Оваа хипотеза ја потврдивме (иако можеби не во очекуваниот правец и со очекуваниот статистички метод за корелација), но сепак може да се каже дека одговорањето на прашања за освестување за својата смртност, на некој начин предизвика испитаниците да сметаат дека самоубиството не е морално лошо (според резултатите од т.н. Анкета за освестување на смртноста и одговорите на SOQ, вкупно 11 од испитаниците не се согласуваат дека самоубиството е морално лошо, наспроти 5 кои се согласуваат), особено ако истиот став се спореди кај испитаниците од првата студија кои не беа изложени на мисли за својата смрт (M = 3.35, SD = 0,83) - види табели 6 и 8.

5. ДИСКУСИЈА

Самоубиството е феномен во кој поединците го доживуваат она што Селигман (1975) го нарекува научена беспомошност. Ова сугерира дека постојаната изложеност на промени во животната средина, недоследност во животот и неконтролирани настани, резултираат во интернализирање на чувството да се биде беспомошен при промена на значајни животни ситуации, па дури и секојдневни ситуации (Cherry, 2010). Според Џоинер (2005), дефинирањето на самоубиство не е лесна задача и е нешто за што се дебатира многу години. Дебатата се фокусира на тоа дали самоубиството навистина е дел од континуитет, почнувајќи од блага самоубиствена идеја сè до смрт со самоубиство или дали различните методи на самоубиство ги прават категорично

различни од едни на други. СЗО (2010) објави дека приближно еден милион луѓе годишно умираат од самоубиство.

За првата половина на 20 век имаше малку истражувања во врска со ставовите за самоубиството кај одредена возрасна група, а досега не е пронајдено ниту едно истражување за поврзаноста на ставовите за самоубиството со освестувањето за смртноста. Затоа, оваа студија се спроведува за да се испита поврзаноста на ставовите за самоубиството кај граѓани на Република Северна Македонија над 19 години со освестувањето за смртноста.

Самоубиството е сè поголем проблем, но истражувањата во областа на ставовите кон самоубиството и освестувањето за смртноста се многу ограничени. Повеќето истражувања ги испитуваат ставовите кон самоубиството или само освестувањето за смртноста, но не и нивната меѓусебна поврзаност. Голем број докази покажуваат дека ставовите и однесувањето на луѓето се менуваат кога нивната смрт ќе стане видлива, истакната. Имено, изложеноста на луѓето на специфични типови на пораки поврзани со смрт и умирање, се смета дека ја зголемува осетливноста на смртноста. Очигледноста за смртност е активирање на мисли за сопствена смрт, „што создава потенцијал за огромен терор“ (Hart, Schwabach, & Solomon, 2010). Теоријата за менаџирање со терор сугерира дека вознемиреноста стимулирана од видната смртност ги тера луѓето да се приврзуваат кон длабоко држените светогледи (на пример, идејата дека луѓето што го кршат законот треба да бидат казнети) и да се воведуваат во однесување или да усвојуваат верувања што ја поткрепуваат нивната самодоверба и самопочитување (на пример, со фаворизирање во групи наспроти вон-групи).

Сепак, многу малку истражувања испитале дали видливоста на смртноста (mortality salience) е поврзана со донесувањето одлуки. Ова е изненадувачки со оглед на тоа што е утврдено дека емоциите влијаат на донесувањето одлуки во многу контексти. Прегледот на литературата откри и конкретен недостаток на истражување за поврзаноста на освестувањето за смртноста и ставовите кон самоубиство. Повеќето истражувања во оваа област беа посветени само на самоубиството, или само на манипулацијата за освестување од смртност, но, според мои сознанија, ниту една студија не ги третира заедно во меѓусебна корелација. Ова може да предизвика натамошно зголемување на стапката на смртност од самоубиство, бидејќи според Штајн и сор. (1998) повеќе попустливи ставови кон самоубиството се значително

поврзани со поголема идеја за самоубиство. Сегашната студија е почеток во решавањето на јазот што моментално постои во литературата.

Наспроти досегашните истражувања, оваа студија беше дизајнирана да ги испита ефектите на видливоста на смртноста врз донесувањето одлуки при одговарањето на SOQ прашалникот за ставовите за самоубиство. Односно, ова истражување не само што ги искористи клиничките скали од прашалникот за самоубиствено мислење (Домино и сор., 1980), туку и прашањата од Теоријата за менаџмент на терор за манипулација со освестувањето за смртноста.

Главната цел на истражувањето беше да се проучи поврзаноста на освестувањето за смртноста со ставовите на граѓани над 20 години кон самоубиството. Ова истражување е важно со оглед на високата и растечка стапка на смртност од самоубиство, но и поради откривање на евентуалната поврзаност со освестувањето за смртноста како начин на кој може да се влијае за намалување на смртноста од самоубиство. Притоа, како контролната група ги зедовме испитаниците од првата студија кои го одговорија само SOQ. На учесниците во експерименталната група, најпрво им беа поставени низа прашања дизајнирани да ги подготват со мисли за сопствената смртност, односно сè со цел да испровоцирам уште поинтензивни мисли поврзани со смртта. Односно, по пример на претходните истражувања (e.g., Rosenblatt et al., 1989; Greenberg et al., 1990), за да ја тестираме TMT, ја употребивме типичната манипулација, во која од учесниците се бара да напишат што чувствуваат кога ќе помислат на својата смрт и што мислат дека ќе им се случи кога физички ќе умрат. Но, во моето истражување, наспроти претходните истражувања (на пр. Rosenblatt et al., 1989; Greenberg et al., 1990), јас не користев паралелни прашања (како на пример, во врска со болки во забите), туку на учесниците им беше презентиран и отворен прашалник од две ставки во врска со смртноста на учесникот, со цел да се манипулира со видната смртност. Учесниците во состојбата со MC беа замолени да напишат за (1) емоциите што се јавуваат кога размислуваат за сопствената смрт и за (2) што веруваат дека физички ќе им се случи кога ќе умрат. Притоа, само еден од учесниците не одговори на прашањето за MS. Имено, кога испитаниците размислуваат и пишуваат за емоциите што се јавуваат кога размислуваат за сопствената смрт, меѓу нив е присутно, а некаде дури и доминира чувство на страв (n=8) и вознемиреност. Чувството на страв (вклучувајќи и вознемиреност) е поврзано со непознатото што доаѓа, односно на кој

начин би настапила смртта и како би се чувствувал испитаникот во тој миг, а од друга страна, присутен е и еден вид друг страв за блиските како тие би преживеале понатаму. Стравот, меѓу другото, кај некои од испитаниците е пропратен и со чувство на грижа на совест и каење. Размислувањето за најблиските пак е поврзано со чувство на жал и тага. Наспроти стравот, присутна е и одредна љубопитност – кај едни изразена што ќе се случи со нив, а кај други за луѓето и светот зад себе. Додека пак, кај тројца од учесниците е забележана одредена нелагодност/анксиозност, но и чувство на мир, а кај еден пак дури и ослободување, наспроти непријатното чувство кај друг испитаник. Присутни се и изразувањето недефинирани чувства или никакви посебни чувства или во крајност - воопшто не покажувајќи чувства и размисли (вкупно 4). Од друга страна, напишаното за она што веруваат дека физички ќе им се случи кога ќе умрат, се сведува пред сè на четири опции - реинкарнација, неодредени одговори (како ништо или ништо посебно) и престанок на функционирање и распаѓање на телото. Покрај тоа, зборот „страв“ беше најчесто користениот збор, што пак сугерира дека манипулацијата била успешна, барем во смисла дека учесниците ги имале предвид вистинските теми. Понатаму, за уште повеќе да ги натераме да размислат за сопствената смрт, им дадовме и сценарио: „Ако би умреле утре, од неочекувана смрт, како би ги одговориле следните прашања за вашиот погреб?“, при што им беше поставена серија од осум прашања, вклучително и: „Каде би сакале да седи вашата мајка?“ и „Кои би биле последни зборови кажани на вашите родители?“. Ги поставивме овие тешки прашања со надеж дека навистина ќе ги искористиме мислите за смрт и умирање (види прилог за целосна копија на прашалникот за осетливост на смртност). Притоа, стануваше збор за отворени прашања за освестување на смртноста. Потоа, откако учесниците добија кратка пауза која, пред сè, служеше како активност за да се отстранат мислите од свесноста, дозволувајќи им на мислите поврзани со смртта да влезат во потсвеста, од каде што може да се предизвика анксиозност поврзана со смртта (Pyszczynski, Greenberg, & Solomon, 1999), беа упатени на SOQ прашалникот.

Наодите од оваа студија даваат широка слика за ставовите кон самоубиството и овозможуваат истражување на можниот ефект на различните социо-демографски групи на испитаници. Од вкупно 46 испитаници беше побарано да пополнат верзија од 64 ставки на прашалникот за мислење за самоубиство (SOQ) (Домино и сор., 1980), кој се состои од изјави кои беа групирани во 8 можни клинички скали за да се измери нечиј став кон самоубиството: ментална болест, повик за помош, право на смрт, важноста на

религијата, импулсивноста, нормалноста, агресијата и морално лошо. Инструментот SOQ беше проследен со збир на демографски прашања и две прашања за изложеноста на самоубиство. Како што и претходно споменав, втората група од 23 испитаници дополнително одговараше на прашања за освестување за смртноста.

Резултатите од анализата на скалите SOQ покажаа дека нашите испитаници при одговорањето на прашањата за ставовите за самоубиство претежно не се сигурни. Меѓу значителната „несигурност“, можеме да извлечеме и дека испитаниците имале поголема тенденција да не сметаат дека луѓето имаат право да умрат (M = 3,62, SD = 0,68), ниту пак дека самоубиството е нормален акт (M = 3,57, SD = 0,75).

Сепак, испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови, и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Овие резултати се надополнуваат со најсогласените изјави (Види график 2) за самоубиство како повик за помош, односно пред сè сметаат дека луѓето треба да бидат сопрени од извршување самоубиство, бидејќи повеќето од нив не делуваат рационално во моментот (n = 18, 78,3%), бидејќи тие имаат тенденција да размислат за самоубиство како „повик за помош“ (n = 18, 78,3%). %). Тие, исто така, веруваат дека депресивните и осамените лица претрпуваат поголем ризик да извршат самоубиство (n = 17, 73,9%). Овие резултати кореспондираат со претходните наоди од истражувањето, во кои се наведува дека беспомошноста е важен фактор на ризик за самоубиство (Furr et al., 2001; Kisch, et al., 2005; Westefeld & Furr, 1987). Покрај тоа, резултатите од тековната студија покажаа дека испитаниците имаат интуитивно чувство за овој фактор на ризик и го третираат самоубиството како повик за помош, знак на беспомошност.

Покажана е најмала согласност (повеќе од 80% изјавија дека воопшто не се согласуваат или не се согласуваат со изјавите) дека луѓето кои умираат со самоубиство треба да ги закопаат на истите гробишта каде и оние кои умираат природно (n = 20, 86,9%) Тие исто така имаат тенденција да не се согласуваат дека самоубиството е нормално однесување (n = 19, 82,7%), воедно одбивајќи дека „понекогаш самоубиството е единствениот излез од проблемите низ текот на животот“ (n=18, 75,7%), (График 3).

Иако самоубиството се перципира како повик за помош, (приближно 80% се согласуваат со таквиот став), постои тенденција да се прикријат самоубиствените

мисли, што може да резултира со тоа самоубиството да биде многу неочекуван чин за роднините и пријателите. Овој аспект на самоубиство во сегашното истражување е споменат од две третини од испитаниците, кои се согласиле дека обично роднините на жртвата на самоубиство немаат идеја за тоа што треба да се случи. Причината за незнаење може да биде поради тоа што, од една страна, луѓето во целина не знаат кои дејства можат да бидат знаци на самоубиство, како што е наведено од Нортон и соработниците (1988), до 40% неточно веруваат дека однесувањето што го набљудуваат не е поврзано со самоубиство.

Важноста на религијата не покажа поврзаност со освестувањето за смртноста, што на некој начин е во спротивност со другите претходни студии за односот да се биде религиозен и веројатноста за развој на идеја за самоубиство. Некои од истражувањата сугерираат поголем ризик од самоубиство кај лица со посебни убедувања и мисли за задгробен живот (Domino & Leenaars, 1989; Minton & Spilka, 1976), додека други студии покажаа дека колку е поструктурирано верувањето на една личност и колку почесто присуствуваат на верски служби, толку се помали шансите самоубиство да го сметаат за прифатлива алтернатива (Minear & Brush, 1981). Но, во нашето истражување се доби спротивен исход - религијата не играше улога ни во самоубиственото однесување, ни во освестувањето за смртноста. Со оглед на фактот дека повеќето од нашите испитаници се млади на околу 26-28г., тие имаат тенденција да посветуваат помалку внимание на овој аспект од животот во однос на самоубиството и воопшто освестувањето за смртноста.

Уште еден аспект на сегашната студија беше споредување на ставовите за самоубиство помеѓу испитаниците од различен пол и различна религиска припадност. Споредбата на ставовите кај мажите и жените не покажа значителна разлика за сите скали на SOQ, што не одговара на претходните резултати добиени од Вајт и Стилион (1988), кои откриле дека жените имаат поголема симпатија од мажите околу прашањето за самоубиство. Оваа разлика може да се должи на малата големина на примерокот од тековната студија и различниот инструмент што се користеше во претходните истражувања (Suicide Attitude Vignette Experience скала).

Според резултатите од т.н. Анкета за освестување на смртноста, евидентно и неспорно е дека освестувањето за смртноста може да предизвика промени во ставовите и однесувањето на луѓето. Она што е помалку јасно е како освестувањето на смртноста

влијае на одговорите на луѓето за ставовите за самоубиство. И покрај постоењето на различни студии кои манупулираат со ТМТ, односно кои го доведуваат во некаква поврзаност со освестувањето за смртноста, ниту едно претходно истражување, според мое знаење, не испитало како освестувањето за смртноста може да влијае на одговорите на учесниците за ставовите за самоубиството. Ова нè натера да се запрашаме дали согласувањето или несогласувањето, односно несигурноста се зголемува или се намалува кога од луѓето се бара да размислат за сопствената смрт? Навистина, ни се чини дека индукцијата на осетливост на смртност може да предизвика учесниците да прибегнуваат кон помалку одредени одговори (одбирајќи „не сум сигурен“, наместо искажувајќи „се согласувам“ или „не се согласувам“, или пак избирајќи делумна согласност/несогласност, наспроти потполна). Анализата ни покажа дека испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови, и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Но ако подетално ги анализираме одоговорите, и тоа од аспект дека „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“ одразуваат несогласност, а „потполно се согласувам“ и „делумно се согласувам“ одразуваат согласност, тогаш за Студија 2 добиваме:

Дефинитивно испитаниците не се сигурни дали самоубиството е рефлексија на ментална болест, или дека станува збор за крик за помош, или пак, за импулсивност.

Интересен е ставот на испитаниците кога е во прашање религијата, односно иста процентуална застапеност имаме и за согласување и несогласување на испитаниците за важноста на религијата.


Повеќето од испитаниците не се согласуваат дека е акт на нормалност (н=11) или агресивност (н=9). А да не речам, уште поинтересен е ставот на испитаниците дека самоубиството не е морално лошо (вкупно 11 од испитаниците не се согласуваат дека самоубиството е морално лошо, наспроти 5 кои се согласуваат).


Можеби во нашата студија не се јави очекуваниот исход, но сепак може да се каже дека одговорањето на прашања за освестување за својата смртност, на некој начин предизвика испитаниците да сметаат дека самоубиството не е морално лошо (вкупно 11 од испитаниците не се согласуваат дека самоубиството е морално лошо, наспроти 5 кои се согласуваат), особено ако истиот став се спореди кај испитаниците од првата студија кои не беа изложени на мисли за својата смрт. Од друга страна, тука е и возраста на

испитаниците, претежно млади во ранг од 25 до 28 години, од кои сепак повеќето се изложени на самоубиство. Можеби на младите не им е толку стресно да одговараат прашања повразни со својата смрт и умирањето.

Сепак, оваа студија идентификува дека се потребни идни истражувања во врска со освестувањето за смртноста и ставовите за самоубиството. Односно, од ваквите резултатите произлегува нашата цел и очекување да придонесеме кон постојната литература со испитување на тоа како видливоста на смртноста може да влијае на ставовите за самоубиство.

График 2: ТОП 12 „СЕ СОГЛАСУВАМ“





Сепак, испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови, и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Овие резултати се надополнуваат со најсогласените изјави (График 2) за самоубиство

како повик за помош, односно, пред сè, сметаат дека луѓето треба да бидат сопрени од извршување самоубиство, бидејќи повеќето од нив не делуваат рационално во моментот (n = 18, 78,3%), бидејќи тие имаат тенденција да размислат за самоубиство како „повик за помош“ (n = 18, 78,3%). %). Тие исто така веруваат дека депресивните и осамените лица претрпуваат поголем ризик да извршат самоубиство (n = 17, 73,9%). Овие резултати кореспондираат со претходните наоди од истражувањето, во кои се наведува дека беспомошноста е важен фактор на ризик за самоубиство (Furr et al., 2001; Kisch, et al., 2005; Westefeld & Furr, 1987). Покрај тоа, резултатите од тековната студија покажаа дека испитаниците имаат интуитивно чувство за овој фактор на ризик и го третираат самоубиството како повик за помош, знак на беспомошност.

Покажана е најмала согласност (повеќе од 80% изјавија дека воопшто не се согласуваат или не се согласуваат со изјавите) дека луѓето кои умираат со самоубиство треба да ги закопаат на истите гробишта каде и оние кои умираат природно (n = 20, 86,9%). Тие, исто така, имаат тенденција да не се согласуваат дека самоубиството е нормално однесување (n = 19, 82,7%), воедно одбивајќи дека „понекогаш самоубиството е единствениот излез од проблемите низ текот на животот“ (n=18, 75,7%) (График 3).

Иако самоубиството се перципира како повик за помош (приближно 80% се согласуваат со таквиот став), постои тенденција да се прикријат самоубиствените мисли, што може да резултира со тоа самоубиството да биде неочекуван чин за роднините и пријателите. Овој аспект на самоубиство е споменат во сегашното истражување од две третини од испитаниците, кои се согласиле дека обично роднините на жртвата на самоубиство немаат идеја за тоа што треба да се случи. Причината за незнаење може да биде поради тоа што, од една страна, луѓето во целина не знаат кои дејства можат да бидат знаци на самоубиство, како што е наведено од Нортон и соработниците (1988), до 40% неточно веруваат дека однесувањето што го набљудуваат не е поврзано со самоубиство.

Важноста на религијата не покажа поврзаност со освестувањето за смртноста, што на некој начин е во спротивност со другите претходни студии за односот да се биде религиозен и веројатноста за развој на идејата за самоубиство. Некои од истражувањата сугерираат поголем ризик од самоубиство кај лица со посебни убедувања и мисли за задгробен живот (Domino & Leenaars, 1989; Minton & Spilka, 1976), додека други студии покажаа дека колку е поструктурирано верувањето на една личност и колку почесто присуствуваат на верски служби, толку се помали шансите за

самоубиство да се сметаат за прифатлива алтернатива (Minear & Brush, 1981). Но, во нашето истражување се доби спротивен исход - религијата не играше улога ни во самоубиственото однесување, ни во освестувањето за смртноста. Со оглед на фактот дека повеќето од нашите испитаници се млади на околу 26-28г., тие имаат тенденција да посветуваат помалку внимание на овој аспект од животот во однос на самоубиството и воопшто освестувањето за смртноста.

Уште еден аспект на сегашната студија беше споредување на ставовите за самоубиство на испитаниците од различен пол и нивната религиска припадност. Споредбата на ставовите кај мажите и жените не покажа значителна разлика за сите скали на SOQ, што не одговара на претходните резултати добиени од Вајт и Стилион (1988), кои откриле дека жените имаат поголема симпатија околу прашањето за самоубиство од мажите. Оваа разлика може да се должи на малата големина на примерокот од тековната студија и различниот инструмент што се користеше во претходните истражувања (Suicide Attitude Vignette Experience скала).

Според резултатите од т.н. Анкета за освестување на смртноста, евидентно и неспорно е дека освестувањето за смртноста може да предизвика промени во ставовите и однесувањето на луѓето. Она што е помалку јасно е како освестувањето на смртноста влијае на одговорите на луѓето за ставовите за самоубиство. И покрај постоењето на различни студии кои манупулираат со ТМТ, односно кои го доведуваат во некаква поврзаност со освестувањето за смртноста, ниту едно претходно истражување, според мое знаење, не испитало како освестувањето за смртноста може да влијае на одговорите на учесниците за ставовите за самоубиството. Ова нè натера да се запрашаме дали согласувањето или несогласувањето, односно несигурноста се зголемува или се намалува кога од луѓето се бара да размислат за сопствената смрт? Навистина, ни се чини дека индукцијата на осетливост на смртност може да предизвика учесниците да прибегнуваат кон помалку одредени одговори (одбирајќи одговор „не сум сигурен“, наместо „сигурен сум“ или „потполно сум сигурен“, или пак избирајќи делумна согласност/несогласност наспроти потполна). Анализата ни покажа дека испитаниците и од двете студии имаат многу слични ставови, и покрај фактот што оние во Студија 2 беа изложени на мисли за освестување за својата смрт. Но ако подетално ги анализираме одоговорите, и тоа од аспект дека „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“ одразуваат несогласност, а „потполно се согласувам“ и „делумно се согласувам“ одразуваат согласност, тогаш за Студија 2 добиваме:

Дефинитивно испитаниците не се сигурни дали самоубиството е рефлексија на ментална болест, или дека станува збор за крик за помош или пак за импулсивност.

Интересен е ставот на испитаниците кога е во прашање религијата, односно иста процентуална застапеност имаме и за согласување и несогласување на испитаниците за важноста на религијата.

Повеќето од испитаниците не се согласуваат дека е акт на нормалност (н=11) или агресивност (н=9).

А да не речам, уште поинтересен е ставот на испитаниците дека самоубиството не е морално лошо (вкупно 11 од испитаниците не се согласуваат дека самоубиството е морално лошо, наспроти 5 кои се согласуваат).

Можеби во нашата студија не се јави очекуваниот исход, но сепак може да се каже дека одговорањето на прашања за освестување за својата смртност, на некој начин предизвика испитаниците да сметаат дека самоубиството не е морално лошо (вкупно 11 од испитаниците не се согласуваат дека самоубиството е морално лошо, наспроти 5 кои се согласуваат), особено ако истиот став се спореди кај испитаниците од првата студија кои не беа изложени на мисли за својата смрт. Од друга страна, тука е и возраста на испитаниците, претежно млади во ранг од 25 до 28 години, од кои сепак повеќето се изложени на самоубиство. Можеби на младите не им е толку стресно да одговораат прашања повразни со својата смрт и умирањето.

Сепак, оваа студија идентификува дека се потребни идни истражувања во врска со освестувањето за смртноста и ставовите за самоубиство, односно од ваквите резултатите произлегува нашата цел и очекување да придонесеме кон постојната литература со испитување на тоа како видливоста на смртноста може да влијае на ставовите за самоубиство.

3.11. Ограничувања на истражувањето

Откако ги испитавме и двата прашалници, откривме дека треба да се направат некои подобрувања во целокупното извршување на Студијата 2, сè со цел да се добијат подобри заклучоци и корелации на хипотезите и воопшто прашањата од интерес на трудот.

Имено, фактот дека тестовите на ANOVA не откриј значајни главни ефекти или ефекти на интеракција за освестувањето за смртноста и ставовите за самоубиството/ потскали на SOQ, е зачудувачки. Сепак, овие наоди потенцијално може да се објаснат со голем број ограничувања за оваа студија. Прво, користењето на факториелна ANOVA со осумте потскали како независни варијабли во голема мера придонесе за нерамнотежата во големината на споредбената група. Оваа нееднаква дистрибуција на примероците во секоја подгрупа може да придонесат за неоткриени разлики меѓу групите.

Можеби главна и најголема ограниченост ни е тоа што не ставивме класична контролна група, односно не манипулиравме со прашањата за освестување за смртноста, преку нивно изведување во независен краток прашалник за терор менаџмент теоријата.

Додека ги испитувавме повратните информации за условите во кои беа ставени учесниците, откривме дека некои учесници, ставени во состојба на освестување за смртноста, не знаеја како да одговорат на поставените прашања, односно како испитаниците да не го разбраа најдобро прашањето, особено прашањето „Кои би биле последните зборови кажани на вашите родители?“, на кое некои одговара во улога на нивните родители – кои би биле нивни последни зборови упатени кон испитаникот кој „умира“. Бидејќи учесниците не беа во можност правилно да одговорат на овие прашања, тие можеби не ги почувствуваа негативните емоции што требаше да ги создаде состојбата. За идно истражување, предлагам да се посвети поголемо внимание дали секој од испитаниците го разбира секое од прашањата и да се понуди помош при евентуално неразбирање на одредно прашање.

Друго ограничување пронајдено во рамките на нашата студија се ефектите на освестување за смртноста во однос на размислувањето за сопственото семејство. Прашањата употребени во прашалникот за состојбата со освестувањето за смртност беа: „Каде би сакала да седи мајка ти?“ и „Кои би биле последните зборови кажани на вашите родители?“. Овие прашања не само што предизвикаа мисли за сопствената смрт, туку и предизвикаа чувства на губење на членовите на семејството, што пак можеше да влијае на одговорите дадени од учесниците.

И последно, од друга страна, тука е и возраста на испитаниците, претежно млади во ранг од 25 до 28 години, од кои сепак повеќето се изложени на самоубиство, што иако беа пригоден примерок, сепак можеби придонесоа за ограничување на резултатите од истражувањето. Сепак можеби на младите не им е толку стресно да одговораат прашања повразни со својата смрт и умирањето.

ЗАКЛУЧОК

Авторите на систематските прегледи и метаанализи даваат препораки, од кои некои поважни се:

- Постои потреба за подобро следење на истражувањето и за потемелно оценување на програмите за превенција на самоубиства.
- Меѓу стратегиите за спречување самоубиства кои се развиени и тестирани, неколку се интересни и ветувачки. Не може да се дадат формални препораки поради недостаток на соодветна проценка.
- Потребно е повеќе истражување преку развој на модели за предвидување за самоубиство, користејќи комбинации на биолошки и клинички фактори.
- Во многу аспекти на истражувањето за самоубиство, вклучително и истражување за превенција и испитувања за интервенција, има ветувачки наоди, но наодите честопати се неубедливи заради методолошки недоследности или несоодветно известување за информациите за испитувањата (на пример, демографски информации).
- Колаборативните модели на истражување може да дадат покорисни наоди во оваа област и да помогнат подобрување на квалитетот на научното истражување и спречување/интервенции на самоубиства. Центрите за соработка исто така можат да ги олеснат промените во распределбата на ресурсите и во норми и истражувачки вредности со фокусирање на соработка, наместо на конкурентска интеракции.
- Потребни се повеќе надолжни студии и тие треба да се спроведуваат во подолги временски периоди.
- Културни подгрупи кои се поранливи на самоубиствено и самоубиствено однесување треба да бидат повнимателно проучени. Особено, интервенции за кои е прилагодено употреба во, на пример, домородните заедници, покажаа

ветување, но како и многу други студии за превенција на ниво на население / заедница, недоволно евалуативна работа спроведено за да се овозможи да се дадат силни препораки.

Предвидувањето на ризикот од самоубиство останува недостижно. Ова може делумно да се должи на разликите во популации чии специфични карактеристики не се соодветно карактеризирани (на пример, разлики во карактеристиките на самоубиство и самоубиствено однесување помеѓу поединци кои живеат со шизофренија и лица кои живеат со голема депресија). Многу биолошки и клинички фактори се идентификувани и проценети за предвидлива вредност, иако се постигнати некои успеси во мали размери, па затоа е потребно поригорозно тестирање и следење на првичните резултати.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Arie, M., Apter, A., Orbach, I., Yefet, Y., & Zalzman, G. (2008). Autobiographical memory, interpersonal problem solving, and suicidal behavior in adolescent inpatients. *Comprehensive Psychiatry*, **49**, 22– 29

2. Arndt, J., Cox, C. R., Goldenberg, J. L., Vess, M., Routledge, C., Cooper, D. P., & Cohen, F. (2009). Blowing in the (social) wind: Implications of extrinsic esteem contingencies for terror management and health. Journal of Personality and Social Psychology, 96, 1191-1205

3. Anestis, M.D., Soberay, K.A., Gutierrez, P.M., Hernández, T.D., & Joiner, T.E. (2014). Reconsidering the link between impulsivity and suicidal behavior. *Personality and Social Psychology Review*, **18**, 366– 386

4. Arndt, J., Greenberg, J., Pyszczynski, T., & Solomon, S. (1997). Subliminal presentation of death reminders leads to increased defense of the cultural worldview. *Psychological Science*, *8*, 379- 385.

5. Beautrais Annette (2000). Risk factors for suicide and attempted suicide among young people. Australian and New Zealand Journal of Psychiatry, Volume 34, Issue 3, pages 420–436, JUNE 2000.

6. Ben-Ari, O. T., Florian, V., & Mikulincer, M. (1999). The impact of mortality salience on reckless driving: A test of terror management mechanisms. Journal of Personality and Social Psychology, 76, 35-45.

7. Bornstein, R. F. (1992). Subliminal mere exposure effects. In R. F. Bornstein & T. F. Pittman (Eds.), *Perception without awareness: Cognitive, clinical, and social perspectives* (pp. 191-210). New York: Guilford Press

8. Brent, D.A., Baugher, M., Bridge, J., Chen, T., & Chiappetta, L. (1999). Age-and sex-related risk factors for adolescent suicide. *Journal of the American Academy of Child and Adolescent Psychiatry*, **38**, 1497– 1505

